ДВ/ЕС 01/1.-

Стенографски белешки

од јавната расправа по работниот текст на законот

за бесплатна правна помош

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала Борис Трајковски, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Силвана Бонева, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Силвана Бонева:**

Почитувани членови на Националниот совет, дами и господа пратеници, почитувани експерти кои што денес сте заедно со нас, почитуван Народен правобранител, претставници на невладините организации, на меѓународните организации и на Европската комисија, добар ден и добро ни дојдовте на денешната расправа посветена на работниот текст на законот за бесплатна правна помош.

Предлагам да почнеме со денешната расправа.

Целта веќе ја кажавме, законот за бесплатна правна помош, закон кој прв пат се уредува односно област која прв пат се уредува во Република Македонија.

Се надевам дека во текот на денешниот ден ќе имаме интересна расправа. Сите сугестии и забелешки кои ќе бидат дадени од ваша страна ќе бидат добродојдени да се подобри законскиот текст, за да може Министерството за правда, кога ќе влезе текстот во Собраниска процедура да биде со најголем дел од вашите забелешки, се со една единствена цел да се овозможи полесен, побрз и поефикасен пристап на луѓето на кои им е потребна бесплатна правна помош. Јас сум убедена дека после оваа јавна расправа Министерството за правда ќе има многу побогати сознанија за тоа како треба да биде обликуван законскиот текст, бидејќи не е само работата на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, туку и да се прецизирааат одредбите и да бидат многу појасни, најпрвин за луѓето на кои им треба бесплатна правна помош, а понатаму и за оние кои ја даваат истата.

Најпрвин да ве информирам дека Националниот совет за евроинтеграции, согласно мислењето кое беше усвоено на Националниот совет за евроинтеграции уште минатата година, донесе еден список на закони

за кои треба да одржиме јавна расправа, закони кои значат усогласување на нашето законодавсто со Европската Унија, меѓутоа и закони кои пробудуваат поголем интерес во јавноста. Токму тоа е основната причина што денес сме овде заедно и за законот за бесплатна правна помош кој е еден од овие закони.

Сакам да му искажам благодараност на министерот за правда кој денес е со нас и кој ќе даде образложение, а во исто време да го извинам и потпретседателот на Владата господинот Васко Наумовски кој од оправдани причини, заради присуството на господинот Солана во Македонија е отсутен од оваа наша денешна расправа.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:**

Благодарам

Најпрвин сакам да изразам благодарност за организирањето на оваа јавна расправа, бидејќи сметам, колку повеќе мислења, толку подобар закон.

До сега Република Македонија немала закон за бесплатна правна помош, ова е прв обид и токму поради тоа го ценам посебно сето внимание и сите иницијативи кои се поднесуваат во врска со работниот текст на законот за бесплатна правна помош.

Сакам да кажам дека со законот за бесплатна правна помош се предлага да се уреди едно прашање кое се однесува на пружање за бесплатна правна помош на на онаа категорија граѓани кои заради лошата материјална положба не се во состојба да го остварат правото на заштита на своите права пред судовите. Истовремено со законот се врши услогласување на на домашното законодавство со меѓународните документи што ја уредуваат оваа материја.

Прво од аспект политичкиот концепт на проблемот, многу е значајно да се наведе тоа дека за недоволно уредената состојба во областа на правната помош е укажано и во аналитичкиот извештај и во мислењето за барањето на Република Македонија за членство во Европската Унија, од 2005 година, во кои правната помош е оцената како незадоволителна и е дадена препорака за нејзино зајакнување, а пред се во областа на граѓанаското право. Основните цели кои треба да се постигнат со законот се: зголемување на правото на пристап до правда на сите граѓани, без оглед на нивната имотна положба и другите лични својства. Значи правото на пристап до правда се вбројува во основните човекови права. Правото на пристап до правдата е

содржано во меѓународното право, како што е Европската конвенција за заштита на човековите права, а Советот на Европа исто така посветува големо внимание на оваа тема. Со тоа би напомнал само дека во повеќе декларации се нагласува дека ефективното функционирање на правниот систем е еден од основните услови за владеење на правото. Како што се потенцира и во повеќе резолуции, правото на пристап до правдата за сите граѓани, без оглед на имотните и другите лични својства, престставува основна карактеристика на едно демоктратско општество.

Во Резолуцијата 78/8 се истакнува дека - никој не смее да биде спречен, со економски препреки, во своето настојување да оствари или да одбрани свое право пред било кој суд што постапува во граѓански, трговски, управни, социјални или даночни работи.

Воспоставувањето на систем за давање на бесплатна правна помош претставува и еден од условите за остварување на правото на пристап до правдата на граѓаните кои не се во можност самите да ги покријат трошоците за водењето на постапката.

Она што е значајно да се наведе од аспект од Уставот на Република Македонија значи, од член 9 од Уставот на Република Македонија е предвидено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото, верското уверување, имотната состојба, општествена положба со што на сите граѓани во државата им се обезбедува еднаков пристап до правдата и институциите во системот.

Во член 6 од Европската конвенција за човекови права, исто така е предвидено дека правото на пристап до правдата преставува основна карактеристика на секое општество. Токму од овие аспекти сакам да напоменам дека донесувањето на предложениот закон е потребно и поради востановениот карактер на нашата држава како суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Со предложениот закон ќе се овозможи, сите граѓани, без оглед на својата социјална положба да можат да ги остваруваат определените права, да го реализираат начелото на еднаквост пред законот што значи еднакви можности при користењето на правната заштита. За граѓаните, начелото за еднакви можности не значи гарантирање на исти права од областа на материјалното право, туку граѓанинот треба да биде во положба во која ќе

може да се запознае со неговите права и тие реално да можат да ги остваруваат.

Со предложениот закон исто така Република Македонија симнува една бариера на "трошоци", како пречка за остварување на определени права.

Имајќи ги предвид наведените слабости се наметна потребата од донесување на овој закон и она што едновремено треба да значи и причина за донесување на законот, а тоа е поради меѓународните стандарди во оваа област, имајќи ја предвид Директивата 2002/8 на Европската Комисија од 27 јануари 2003 година, за подобрување на пристапот до правда.

Значајно да се наведе е дека повеќе аспекти влијаат за остварување на ова право на граѓанинот за пристап до правдата, пред се покрај имотната состојба на граѓанинот кој поради тоа не може да го оствари своето право, тука се значи судските такси.

Сакам да ве известам дека во контекст на оствaурање на правото на граѓаните за пристап до правата, покрај законот за бесплатна правна помош, во владина процедура е нов закон за судски такси кој исто така предвидува намалување на судките такси во просек за 20%, што истовремено ќе значи олеснување на граѓаните за пристап до правдата и преку олеснувањата што ги предвидува овој закон за судските такси. Мислам дека за овој закон се разговара подолго време во Министерството за правда уште во 2008 година одржани се многу расправи, регионални расправи во Скопје и Битола. Прибавени се многу мислења од многу комори, од Адвокатска комора, многу Министерства, органи од Сектретаријатот за закондавство, Сектретаријатот за европски прашања и други организации, а се консулутирани и закони од оваа област за европските држави.

Можам да ви кажам дека законот се заснова на начелата на еднаков пристап во правдата, тоа е едно основно начело на овој закон, законитост, стручност и професионалност, почитување на стандардите на моралната етика, одговорноста и транспарентноста.

Сега ќе се осврнам на деловите што ги содржи законот. Значи како што е наведено и во основната одредба од Предлогот на законот за бесплатна правна помош. Значи со законот се уредува правото за бесплатна правна помош, остварување на тоа право, корисниците на тие услуги, начинот на остварување на тие услуги, давателите на бесплатна правна помош и сите оние елементи кои што значат функционирање на еден закон за давање на бесплатна правна помош за граѓани кои што со тоа право ќе се стекнат во

услови како што пишува законот. Значи во членот 2 многу јасно е што е целта на законот, а целта на законот да се обезбеди целосен пристап на граѓаните до институциите во системот за запознавање, остварување на ефиксна правна помош. Постапката за бесплатна правна помош како што пропишува законот е итна.

Во членот 3 се определени поимите и јас тука нема да се задржувам. Значи, одредени се поимите кои што ги содржи законот како што се членови на семејство, имот, значи корисник на бесплатна правна помош, општа правна информација, овластено здужение на граѓани, правен совет итн.

Во членот 4 од законот е предвидено дека средствата за правна помош согласно законот се реализираат преку Министерството за правда, овластени здруженија на граѓани, адвокати и медијатори. Тоа се тие субјекти кои што ги содржи законот кои што ќе пружаат бесплатна правна, а средствата за пружање на истата се обезбедуваат од Министерството за правда односно од Буџетот на Република Македонија.

Понатаму законот ги уредува видовите на правната помош. Значи бесплатната правна помош може да биде како претходна правна помош која ги опфаќа: иницијален правен совет за користење на правна помош, општа правна информација, правна помош во остварувањето пред органите на државната управа и правна помош, она што е во постапка пред надлежен орган, значи опфаќа застапување во сите степени на судски и управни постапки, правна помош во постапката за медијација. Правната помош се реализира од адвокати и во постапката за медијација, од страна на медијаторите.

Во меѓународните документи, овие што ги цитирав, се говори за квалитна правна помош. Значи квалитетна правна помош во покрената постапка можат да пружат квалификувани лица, а тоа се адвокати. Токму заради тоа законот предвидува дека таква правна помош може да даваат адвокати, а во постапката за медијација таа правна помош на граѓаните да им ја пружаат медијаторите.

Во законот се уредени и прашањата кои се однесуваат на корисниците на бесплатната правна помош. Меѓутоа пред тоа сакам да обрнам внимание на една многу значајна одредба од членот 8 од законот. Значи барање на правна помош согласно одредбите од законот за бесплатна правна помош ќе се дозволи во сите судски и управни постапки до колку се решава едно егзистенцијлано прашање за барателот на правната помош. Дали е

најсоодветен израз егзистенцијално прашање веројатно вие тоа ќе го цените, меѓутоа под егсизтенцијално прашање согласно ставот 2 на овој закон се подразбираат статусните прашања, правата од областа на осгурувањето, работните односи, заштита на децата и малолетниците, заштита на жртвите од семејното насилство, заштита на жртви на казниви дела, заштита од трговија со луѓе, имотно правни и други прашања за кои Министерството ќе оцени дека се од егзистенционална природа за барателот на правната помош.

Сега кога сум кај корисниците на правна помош, пред се како предвидува членот 12, право на бесплатна правна помош согласно овој закон имаат граѓани на Република Македонија со официјално живеалиште во Република Македонија. Тоа се прво лица корисници на социјална помош, корисници на право на индивидулен додаток, корисници на најниска пензија, на лица корисници на најниска пензија кои што живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувано од тоа лице, семејства или самохран родител со повеќе малолетни деца кои го остваруваат правото на детски додаток. Право на бесплатна правна помош има и лице на кое му одобрен азил, раселено лице или прогонето лице, странски државјанин во согласност со меѓународните договори без оглед на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, лице без државјанство кое што законски престојува во Република Македонија, држвјанин на земји членки на Европската Унија под услови и на начин предвидени со овој закон. Вие ќе видите во завршните одредби каде што ние го уредуваме ова прашање согласно директивата, меѓутоа тие одредби ќе се применуваат со денот на полноправно членство на Република Македонија во Европската Унија.

Понатаму законот препишува еден критериум што се смета загрозена издршка на лицето кое бара бесплатна правна помош и издршка на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство, а тоа се ако приходите по сите основи на тоа лице и на членовите на неговото семејство не го применуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесувањето на барањето за претходна правна помош. Понатаму законот уредува што не се смета како приход на барателот, а тоа е детски додаток, инвалидскиот додаток, додаток за туѓа нега, стипендии и други примања заради образованието до завршување, средства добиени заради отстранување на последици од елементарни непогоди, надомест на штета поради намалена

животна активност итн. Значи, тоа се услови кои што законот не ги има во предвид кога говори за условите што треба да се стекнат на едно лице за добивање на таа бесплатна правна помош.

Претходна правна помош како што веќе кажав даваат овластени службеници лица во одделението во Министерството за правда и овластени здруженија на граѓани запишани во регистарот во здруженија на граѓани за претходна правна помош, а тие здруженија на граѓани како што е во членот 17, пред се запишани во регистарот на здруженија на граѓани во Централниот регистар, да имаат вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит. Во актот на основање на здружението на граѓани едно од целите на неговото основање е и оваа претходна правна помош и да имаат склучен договор за осигурување од одговорност за можна штета при советувањето најмалку за најниската полиса за осигурителната сума.

Понатаму законот ги пропишува начинот на остварувањето на барањето, поднесувањето на барањето, роковите во кои може да се оствари тоа барање, роковите во кои што УЈП како надлежен државен орган треба да даде определено уверение за имотната состојба во рок од три дена, Министерството за правда во рок од 15 дена треба да се произнесе по тие барања итн. Значи, едно од начелата на законот е итноста на барањето токму поради овие рокови, три дена, 15 дена итн. и токму заради тоа што во некои одредени случаеви треба бргу да се реагира бидејќи секако остварувањето на правото заштита на правата во одредена постапка дали е тоа граѓанска, дали е тоа граѓанска постапка, дали е тоа управна постапка за граѓанинот значи многу и секако дека со испуштањето на подолго време или со одминувањето на подолго време може да биде изложен на определени последици.

Секако дека законот препишува и определени надоместоци што треба да им бидат исплатени и на здуженијата и на медијаторите, каде што граѓанинот се упатува прво се упатува на медијација, најлесно е да го реши спорот да го реши со медијација, медијацијата ја спроведуваат медијаторите. Ако не може да успее таа медијација тогаш граѓанинот има право да бара бесплатна правна помош, да поведе соодветна постапка пред надлежниот суд, дали е тоа управен орган, дали е тоа судски орган каде што пропишува и одредена тарифа каде што се пропишува со законот, значи плаќањето на намалена тарифа која што е предвидена во членот 36, значи тарифата за надградба за надоместоци на трошоци за работа на адвокатите е намалена

за 30%, а исто така е намалена за 30% и тарифата за работа на медијаторите. Сепак се работи за една бесплатна правна помош.

02/1.-ЛП/ЕД

**Михајло Маневски: (продолжение)**

Надоместокот бил намален во овој случај, се води регистар на адвокати, регистар на медијатори кои што пружаат бесплатна правна помош, значи Министерството за правда исто така како предвидува законот ќе има и делбени денови на бесплатна правна помош кои однапред ќе се закажуваат, каде на соодветен начин ќе се организираат преку Комората на извршители, преку Комората на медијатори, Адвокатската комора, Нотарската комора, каде што ќе се донесува тримесечен план, каде што Министерството за правда, заедно со претставници од овие органи, ќе одат на лице место каде што ќе ги анимираат граѓаните, ќе бидат во нивна средина, каде што граѓаните ќе можат да прашаат за определени прашања, за регулирање на определени прашања и така да кажам ќе се доближи таа правна помош како иницијална правна помош, а формалната правна помош ќе биде на начин определен со законот.

Во Главата 7 - Посебни одредби за одобрување на бесплатна правна помош во прекуграничните спорови како што се наведува, тоа е бесплатна правна помош во управни, даночни и córински спорови, правна помош преку гранични спорови се одобрува во парнична постапка во сите степени. Преку граничен спор во смисла на овој закон е спор во кој што странката е подносител на барањето за правна помош е со живеалиште и престојувалиште во земја членка на Европската унија. И понатаму одредбите од членот 41 до членот 47 го уредуваат тоа прашање за посебни одредби за одобрување на бесплатна правна помош во прекуграничните спорови, меѓутоа, ќе видите во членот 50 од законот каде што овие одредби во членовите од 41 до 47 ќе отпочнат да се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

И на крајот, мислам дека е доборо да се каже дека овој закон, подзаконските акти што ги пропишува овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а подзаконскиот акт од членот 47 што се однесува до барањето за бесплатна правна помош од членот 43, она што го кажав пред малку за прекуграничните и други спорови ќе биде донесен во рок од една година. Инаку, се предвидува законот да влезе во сила осмиот ден од неговото објавување, а ќе отпочне да се

применува од 1 јануари 2010 година. Овие неколку месеци сакаме да ги оставиме како време каде што треба да се анимира, каде што треба да се преземат соодветни дејствија во врска со едукација на судии, обвинители, нотари, медијатори итн., се она што треба да значи функција на овој закон и јавна кампања за примената на овој закон. Многу е значајно да го доближиме овој закон до граѓаните, граѓаните да го сфатат бенефитот од овој закон, затоа што тоа е во интерес токму на тие граѓани кои што имаат најголеми потреби за остварување на таква помош, а не можат тоа да го реализираат поради тоа што немаат доволно материјални средства.

Ќе резимирам уште еднаш, целта на законот ниеден граѓанин во Република Македонија да не може да биде доведен во состојба да не може да го оствари своето право пред надлежен орган поради немање материјални средства. Со уредувањето во законот на ова право тоа значи пристап до правдата, а тоа значи остварување на едно демократско право гарантирано и со домашните прописи со Уставот на Република Македонија, со законите и со меѓународните договори.

Ви благодарам на вниманието.

**Силвана Бонева:**

Благодарам, почитуван министре, за вашето образлагање на работниот текст на Законот за бесплатна правна помош.

Во исто време би сакала да искажам огромна благодарност до Мисијата на ОБСЕ, која што даде свои забелешки на Законот за бесплатна правна помош, а исто така и на Институтот "Отворено општество", кој што исто така даде свое видување на Законот за бесплатна правна помош. Мило ми е што имаме овде денес доставено од Македонското здружение на млади правници еден прекрасен материјал. Жалам што претходно го немавме и верувам дека колегите пратеници со задоволство ќе го прочитаат, бидејќи тоа е Извештај за бесплатна правна помош во Република Македонија каква е состојбата во овој момент во оваа област и преку оваа студија која имаме можност да ја најдеме на оваа маса, можат сите колеги да ја земат. Исто така, верувам дека и Министерството за правда и луѓето вработени во министерството ќе можат преку оваа студија да ја видат подготвеноста на Здружението на граѓани во Република Македонија со нивното досегашно акумулирано искуство, изградени капацитети и јасен однос кон ова значајно прашање да земат активно учество во неговото натамошно уредување и спроведување. Јас сум убедена дека Македонското здружение на млади правници, работата која што

ја има вградено во овој Извештај ќе придонесе многу за донесување на закон кој што ќе биде во интерес на граѓаните на кои тоа им е најпотребно.

На самиот почеток од денешнава јавна расправа, пред да ја отворам дискусијата, сосема накратко сакам да се осврнам на овој закон за бесплатна правна помош, односно работен текст на закон за една област која што досега не беше доволно развиена во македонското законодавство и во правната практика и не беше целосно системски уредена. Правната помош за заштита на човековите права е право кое ќе може да го користи секој, вклучувајќи ги лицата кои немаат финансиски средства и токму цел на овој закон е оваа категорија на лица. Овој закон значи исполнување на дел од обврските на Република Македонија за усогласување на нашето национално законодавство со законодавството на Европската унија. Има повеќе акти од законодавството на Европската унија, меѓународни договори, одлуки на Европскиот суд за човекови права, директиви на Европската комисија во врска со бесплатна правна помош кои што се составен дел на овој закон и може многу јасно да се види од директивите што е тоа што треба да го направи Република Македонија, но за да знаеме и видиме до каде се наоѓа Република Македонија во моментот, може сосема накратко да се осврнам каква е состојбата во земјите членки на Европската унија, меѓутоа и земјите аспиранти за членство во Европската унија, како во земјите околу нас е регулирано ова прашање.

Најпрво ќе започнам со Република Албанија каде што бесплатна правна помош се регулира со Законот за правна помош и се уредуваат само условите, видот, начинот и постапката за правна помош од страна на државата со заштита на слободите и основните права на индивидуата, услугата на правната помош дадени од државата е одговорност само на Министерството за правда, Адвокатската национална комора и на Државната комисија за правна помош, а право да добиваат правна помош и тие лица што бараат одбрана во кривична постапка во сите фази, а кои што не се во финансиска можност тоа да го сторат, односно да си обезбедат адвокат. Исто така, и социјалните случаи кои треба да докажат дека немаат доволно средства, а имаат потреба од правна помош во граѓанска и административна постапка.

Во друга земја, која што исто така е аспирант за членство, тоа е нашиот сосед Република Србија, таму има проект што заеднички го реализира Министерството за правда заедно со Обединетите нации од 2007 година и исто така проект кој што е во функција на посиромашните граѓани полесно да

стигнат до своите права на суд. Тие имаат отворено повеќе од 30 канцеларии за бесплатна правна помош во општините и веќе започнуваат со формирање на посебно друштво за бесплатно застапување пред судовите, кое што веќе започнало оваа година.

Република Чешка е сосема друг пример, каде што обично во Чешка се оперира со терминот "право на правна помош без паричен надомест". Ова право дава можност граѓанинот да се изземе од плаќање по секој основ, да се ослободи од плаќање по секој основ, да се ослободи од надомест за секакви судски такси и надоместоци и право да се назначи адвокат за одбрана кој ќе биде платен на државата и можност да се добиваат совети за одбрана бесплатно или со намалени цени.

Чешкиот правен систем не обезбедува никакви специјални формулари за аплицирање на бесплатна правна помош, барањето само по себе може да биде направено на неформален начин и многу често барањата за ваква помош се поднесуваат на самиот почеток на судењето и тоа се запишува во судскиот записник.

Република Италија исто така има бесплатна правна помош, не вклучува правен совет надвор од судската расправа и тоа е интересно, бидејќи имаме закон во кој што имаме бесплатна правна помош во претходна правна помош и правна помош во сите судски управни постапки. Значи таму нема правен совет надвор од судската расправа.

Во Република Естонија правна помош и судско право се користи во целина или делумно го ослободува обичниот граѓанин од плаќање за правна помош или ги наплатува адвокатските такси на државата, доколку судот утврди дека лицето не може да ги плати долговите односно дека банкротирал.

Не би сакала повеќе да се осврнувам на туѓите законодавства, но сакав да добиеме една слика каква е состојбата и околу нас и малку пошироко. Во Република Македонија согласно со Законот за кривична постапка, Законот за општа управна постапка, како и Законот за парнична постапка, судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоци на постапката странката која според својата општо имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужна издршка на своето семејство, на странката која по закон може да биде ослободена од плаќање на трошоци на постапката, Законот за адвокатура гарантира дека е должен адвокатот да и даде бесплатна правна помош. Во Република Македонија Македонската

адвокатска асоцијација, во соработка со асоцијацијата за граѓанска иницијатива го започна проектот "Бесплатна правна помош, правна култура и социјализација", кој што обезбедува бесплатна правна помош за одредена категорија на луѓе, како на пример социјални случаи, хендикепирани лица и самохрани родители. Во рамките на овој проект отворени се канцеларии за бесплатна правна помош во Битола, Прилеп, Штип, Куманово, Гостивар и Делчево и целта на овој проект е да им помага на овие категории луѓе за да ги заштити нивните права на едноставен начин. Овде е застаната состојбата во Република Македонија и токму заради тоа искрено јас се радувам, а верувам и граѓаните кои немаат доволно финансиски средства да обезбедат правна помош со тоа што еве го имаме овој работен текст на законот, кој што верувам наскоро ќе влезе во собраниска процедура, со кој ќе се гарантираат правата на сите граѓани да можат да имаат пристап до правната помош.

Јас не би сакала да должам повеќе, меѓутоа, сакам да кажам дека многу ќе биде интересно на оваа наша денешна расправа да слушнеме размислувања во кој случај можат граѓаните да користат бесплатна правна помош, да се осврнеме на критериумите дали доволно законот се посветил на овој дел, дали можат граѓаните и сите оние на кои им е потребна бесплатна правна помош на брз и ефикасен начин да стигнат до таа бесплатна правна помош, бидејќи начело на законот е, кажа и министерот, итноста на постапката, можеби треба да разговараме и за роковите за постапување во претходната постапка и за роковите од страна на Министерството за правда на локално ниво, подрачните одделенија на Министерството за правда и исто така за роковите во кои Министерството за правда ги носи одлуките. Верувам дека ќе имаме во тој дел плодна расправа, интересни размислувања. Посебно очекувам не само од експертите и од Народниот правобранител, туку и од невладините организации и од луѓето кои веќе имале допир до оваа материја и оние кои веќе давале одредена бесплатна правна помош да ги кажат своите искуства кои ќе помогнат на сите нас во конечното обликување на овој законски текст. Еве, тоа само за вовед.

Сега ја повикувам госпоѓата Снежана Аандреевска од Адвокатската комора на Република Македонија да земе збор. Адвокатската комора е заинтересирана, бидејќи и таа е токму таа што треба да ја спроведува бесплатната правна помош. Повелете.

**Снежана Андреевска:**

Добар ден. Пред се, благодарност за поканата што бев викната на денешната јавна расправа за законот што се однесува на бесплатна правна помош. Јас сум адвокат Снежана Андреевска, претставник на Адвокатската комора на Република Македонија, која како што кажа претседавачот на денешнава јавна дискусија госпоѓа Силвана Бонева е единствениот субјект во Република Македонија кој што без ниту еден денар средства добиени од државата дава бесплатна правна помош на граѓаните, иако тоа не беше споменато, туку беа здруженијата на граѓани споменати, мислам дека беше лапсус. Меѓутоа, не случајно ја почнувам мојата дискусија и видувањето на Предлогот на законот кој што е денес предмет на оваа јавна расправа токму со овие зборови. Адвокатската комора на Република Македонија претставува асоцијација во која што членуваат адвокатите на Република Македонија и адвокатските друштва кои што се запишуваат во именикот на адвокатите и адвокатските друштва, што се води во Адвокатската комора на Република Македонија.

Согласно членот 53 од Уставот на Република Македонија, адвокатурата претставува јавна служба и самостојна во вршењето на својата дејност која пружа правна помош на граѓаните на Република Македонија. Во согласност со уставната определба од членот 53 од Уставот на Република Македонија, адвокатурата како самостојна и јавна служба е таа која што во моментов единствено во Република Македонија пружа правна помош на граѓаните во смисла на давање на правни совети, на застапување на граѓаните на Република Македонија и странските физички правни лица кои водат постапки во судовите или во управните постапки пред државните органи.

Гледајќи го текстот на законот, јас учествував во една фаза од изготвување на првичниот текст на законот, кој што потоа доживеа сосема поинаква трансформација. Гледајќи го вака првично текстот на законот, ми се наметнува една голема дилема не мене како на адвокат Снежана Андреевска, туку на Адвокатската комора на Република Македонија и нејзините членови дека некои работи се недоречени, не јасни и противречни како на Уставот на Република Македонија и споменатата одредба од членот 53 за дефинирање на адвокатурата во пружањето на правна помош на граѓаните, така и во одредени легс специјалист закони кои регулираат одредена материја за одделни прашања. Само ќе го кажам моето размислување во име на Адвокатската комора, бидејќи делот од забелешките

кои денес ќе ги изнесам овде беа доставени во февруари месец до Министерството за правда како забелешки на Предлогот на законот за бесплатна правна помош, во кои за жал гледам ниту една не е имплементирана во овој текст денес што е предмет на јавна расправа и можеби некој во мојата дискусија ќе помисли дека настапувам, како што е кажано во еден од материјалите на младите правници, дека монополистичка е улогата на адвокатите во пружањето на правната помош на граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, ако го погледнеме Законот по кој што денес овде расправаме, ќе видиме дека генерално една забелешка се јавува во адвокатските комори во однос на улогата и учеството на здруженијата на граѓани кои што посебни овластувања од страна на министерот за правда треба да добијат за пружањето на таа бесплатна правна помош.

Прво, сметам дека не е доволно во законот прецизирано и дообјаснето што значи бесплатна правна помош. Ова од причина што во членот 6, во точката 1 во ставот 1 стои: претходно правна помош опфаќа иницијален правен совет за право на користење на правната помош. Правниот совет не може да се пренесе, како давањето на правниот совет за тоа што значи суштината на правниот совет како иницијален правен совет даден за користењето на бесплатна правна помош, сметам дека не може да го даде форма на здружување на субјект по пренесено овластување, како што е предложено во законот. Ова го говорам од гледна точка на адвокатите во Република Македонија. Адвокатите во Република Македонија својата дејност ја вршат во согласност со Законот за адвокатура.

03/1.- /ОМ

**Снежана Андреевска: (Продолжение)**

Во одредбите на Законот за адвокатура во членот 3 правната помош на адвокатите се состои во давање на правни совети, застапување во водење преговори и вршење услуги од обласа на деловен протокол, составување на исправи за правни дела, составување на договори за основање партнерство соработка и слични акти. Значи, во врска со работењето на деловните субјекти, составување на поднесоци во судски и други постапки.

Ако го погледнеме членот 6 од Законот ќе видиме дека во алинејата под тире три стои правната помош, во составување на писмена пред органите

на државната управа им се дава на здруженијата на граѓани кои што ќе се стекнат со посебни овластувања дадени од министерот за правда. Сметам дека во оваа област каде што Законот за адвокатура како лекспецијалист закон во кој што се строго предвидени правата на одредена категорија на стручни лица за кои за да се стекнат со вршењето на дејноста на адвокат, се потребни одредени законски услови кои што мора да ги исполнат за да можат да ја вршат таа дејност за давање на правни совети, составување на правни акти, како и понатаму застапување на постапките. Еден од условите е да биде запишан во именикот на адвокатите, односно при претходно исполнување на општите услови на дипломиран правник, како што нагласи министерот за правда во своето излагање дека ќе треба како услов да го исполнат одредените лица кои што ќе членуваат во здруженијата на граѓани и да бидат со положен правосуден испит, меѓутоа адвокатот за да може да ја дава правната помош на странката треба да поседува лиценца. Тој може да биде запишан во именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија и за да може да го дава овој правен совет да ги застапува интересите на граѓаните пред државата тој треба да поседува лиценца која што ја издава Адвокатската комора на Република Македонија за вршење на неговата дејност.

Одовде, сметам дека е дискутабилно прашањето дали може да се прифати во еден закон на здруженија на граѓани и фондации за кој што немаме строго определени конкретни услови за членовите на здруженијата на граѓани кои што ги основаат здруженијата на граѓани, дали може со овој закон да одиме стриктно да бараме одредени услови за овие здруженија на граѓани и лицата кои што членуваат во нив доколку во да речам еден вид лекгенералис претставува Законот за здруженија на граѓани во формите начинот на членувањето и условите за основањето како и слободата на граѓаните и лицата кои што членуваат во овие здруженија на граѓани без никакви рестриктивни побарувања во однос на стручните квалификации, националната припадност, полагањето на некои стручни испити и т.н. и т.н.

Затоа сметам дека во овој дел треба да се размисли дали може ова вака да оди како законско решение.

Потоа јас би сакала да се осврнам на фактот дека до колку опстои ваквиот текст на законот, особено дискутирам за членот 6 алинејата која се состои во давањето на правна помош во составувањето на писмената достава пред органите на државната управа, значи дека здруженијата на граѓаните кои што ќе добијат посебни овластувања од министерот за правда всушност ќе се јават како полномошници на клиентите на странките во чие што име ќе ги составуваат писмената пред органите на државната управа. Што значи дека тие ќе ги претставуваат странките. Без притоа понатаму во текстот на Законот да се направи некаква рестрикција дека доколку одреденото здружение на граѓаните ако ја даде ваквата правна помош на едната странка учесник во постапката, не смее да се даде и на другата странка учесник во постапката. Тоа е во спротивност со Законот за адвокатура кој што ја уредува материјата во однос на застапувањето на странките пред органите на управата, судските органи и т.н., освен во правните дела во кои што се должни адвокатите кои што ја даваат правната помош да ги штитат интересите на двете странки или трите, без разлика колку има учесници во самото правно дело. Затоа сметам дека овде имаме една колизија на двата закони и недореченост доколку опстои ваквиот текст како што е овде предложено.

Исто така сметам дека во Законот пред се генерално отсуствува и поимот кој што треба да стои "освен адвокатите во Република Македонија" и "адвокатските друштва". Во адвокатските друштва запишани во именикот на адвокатски друштва на Република Македонија, тие се составени од адвокати поединци кои што се здружени и дејствуваат како адвокатски друштва. Не може Законот да им го ускрати правото на адвокатските друштва да бидат ставени како еден од субјектите кои што ќе ја вршат правната помош, бесплатната правна помош. Мислам дека тоа е пропуст, ние укажаме во забелешките, меѓутоа гледам дека не е земено предвид.

Понатаму одејќи и следејќи ги одредбите од Законот сметам дека во членот, 21 ми се чини дека беше, каде што е даден рокот, каде што Министерството е должно по барање за бесплатна правна помош да постапи најдоцна во рок од 15 дена, па потоа уште 15 дена се дава рок дали ќе се прифати барањето или нема да се прифати барањето. Мислам дека овие рокови не се долги туку се предолги. Во работните спорови каде што очекуваме ние адвокатите од искуството на терен кога ја даваме бесплатната правна помош на нашите странки се работните спорови. Кога останува нашиот клиент без работа, нема ни егзистенција, никакви приходи и нормално ние по Законот сме должни да пружиме бесплатна правна помош, во составување на тужбата, на правните акти, одговорот на тужбата и т.н. за застапување пред судот. Ако рокот е 8 дена за вложување еден приговор, и уште наредни 15 дена на поднесување на една тужба, до колку во рокот од 8 дена не одговори второстепениот орган кај работодавачот каде што е извршен престанокот на работен однос, значи во овој рок од 30 дена во кој што треба да стане правосилно решението за давањето на бесплатната правна помош веќе отиде рокот и за поднесување и на тужба, а не само на приговор. А во Законот не е дадена можноста за ретроактивно наплаќање на оние средства кои што адвокатот, јас говорам нормално во име на адвокатската асоцијација од каде што доаѓам, да ги рефундира и да си ги наплаќа. Туку исклучиво средствата од Буџетот на Република Македонија кои што Министерството за правда ќе ги двои за плаќање на трошоците по тарифата на адвокатите на Република Македонија е по доставување на трошковик. Значи, не е предвидена можност во моментот заради запазување на законските рокови кои што се прокулзивни рокови, нема продолжување на тој рок, се пропушта тој рок, се губи правото и на судска заштита ако не вложи приговор работникот, граѓанинот нема право да води ни судска постапка.

Потоа сметам дека роковите се предолги кои што се дадени во Законот. Можеби е водено од управната постапка некои рокови каде што се подолги ,

меѓутоа во одредените постапки роковите се навистина многу кратки или истото е во рок од 8 дена ако не го вложи приговорот против јавното претпријатие кое што го терети за неплатени сметки, отиде мандатната тужба, влезе во правна сила, сега кај нотарите, доаѓа извршителот и ние што ќе браниме кого ќе го исклучиме со бесплатната помош. Поминал рокот. Мислам , поради тоа од праксата ова го укажуваме бидејки секојдневно се среќаваме со овие проблеми.

Освен тоа една одредба во Законот во која што се дава можноста на корисникот на бесплатна правна помош да го одбере адвокатот каде што се дава можноста, во случај на одобрување на правна помош што се почитува волјата на корисникот при изборот на адвокатот. Мислам дека уште еднаш ќе се создаде можност за фаворизирање на еден дел од адвокатите за кои што и ние сме свесни во самите редови дека имаме и без тоа доволно проблеми заради одредени друштва или асоцијации кои што фаворизираат одреден дел од адвокатите, давање и обезбедување на предмет на работа пред воопшто и да се појави проблемот за да излезе на суд. Сметам дека ваквото законско решение не треба да опстои во Законот од причина што оние адвокати кои што ќе бидат запишани во Регистарот во Министерството за правда на адвокати за давање на бесплатна правна помош се истите адвокати кои што согласно Законот за адвокатурата дале заклетва дека совесно и чесно ќе ја вршат својата работа во заштита на правото на граѓанинот. Ако адвокатот е запишан во Регистарот на адвокатите за бесплатна правна помош во Министерството за правда, мислам дека секој адвокат што ќе биде запишан таму подеднакво ќе има можност и сигурно во рамките на Законот ќе си ја врши својата работа и клиентот не може да одбере кој адвокат ќе го одбере, освен се разбира сите сме овде правници и знаеме дека постојат исклучоци во кои што по сила на Законот одреден адвокат може да биде изземен и да не биде дадено кај него да му ја пружа бесплатна правна помош на граѓанинот. Мислам дека ваквото законско решение е многу лошо и ова беше голема

реакција во Адвокатската комора  кога се прочита предложениот текст на законот.

Понатаму, сакам да нагласам дека согласно Законот за адвокатура и согласно Уставот на Република Македонија, адвокатурата е самостојна јавна и независна дејност. Надвор над работењето на предмети во  адвокатурата не постојат ниту во Уставот како можност, ниту во Законот за адвокатура. Предметот на адвокатот кој што го работи претставува заштитен предмет со сите податоци за неговиот клиент и со сите списи и додавки и придавки и писмено содржани во тој спис. Мора да се предвиди, јас не сум за тоа да не се предвиди контрола во остварувањето на бесплатна правна помош од страна на адвокатите бидејќи тие ја остваруваат во застапувањето од единствено тие и медијаторите по Законот можат да ја остваруваат. Меѓутоа  да се назначи точно на кој надзор, во која смисла и во кој дел ќе се однесува надзорот на Министерството за правда во остварувањето на бесплатна правна помош во конкретен предлог. И уште на крај ќе завршам.

Во однос на плаќањето на трошоците на тарифата на адвокатите, тука повторно се судруваме со тарифата на здруженијата на граѓаните  кои што ќе добијат посебни овластувања. Во Законот за здруженијата за граѓаните, здруженијата на граѓаните се непрофитабилни организации, здруженија. И до колку остваруваат определена  добивка истите се должни да ја реинвестираат во остварувањето и развојот на нивните цели. Ако опстои вакво законско решение или ќе треба да се промени Законот за Здруженија на граѓани и фондации или ќе дојдат во колизија овие две законски определби. Тарифа може да постои само за профитабилни организации и здруженија кои што во работењето остваруваат добивка, плаќаат данок и т.н. и т.н. Тарифата која што се предвидува во Законот во членот 36 за адвокатите за надоместок на трошоците за работа на  адвокатите да се намали за 30% во моменталната оправданост на сиромаштијата на населението во Република Македонија, можеби гледајќи го вака како процент изгледа и многу мал, меѓутоа ако се земе во предвид дека највисоката

награда на адвокатот за застапување во еден предмет е 4680 денари израчунато со се неговиот паушал и саатнина е една од најниските тарифи од сите тарифи кои што постојат во државата во моментот. Сметам дека процентот од 30% е голем. Можеби до 20% кога би се намалил овој процент би се добила сепак некаква оправданост кај адвокатите. Настрана од тоа ние и до сега ја пружавме бесплатна правна помош, без никаква тарифа надвор од тарифата без никаков надоместок. Меѓутоа во адвокатска канцеларија во која што дејноста, основната дејност е застапување и пружање правна помош на граѓаните ако му се ускрати оваа тарифа уште за 30% ќе се доведе во прашање опстојувањето и егзистенцијата на самите адвокатски канцеларии.

И уште нешто сакам да нагласам ова го нагласував уште во работниот текст кога беше во верзијата, отсуствува во текстот на законот присуството и предвиденоста на адвокатската маркичка. Адвокатската маркичка, имаме нацрт на закон во предлог фаза, во нацрт кое што некаде е заглавена не знаеме каде ни ние во Адвокатската комора, важно е излезена од Адвокатската комора и мислам дека имавме потполна поддршка и од министерот за правда во Министерството за правда за ваквиот закон за адвокатска маркичка. Доколку се донесе текстот на овој закон кој што ќе почне да важи од 1.01. 2010 година во меѓувреме се донесе и законот за адвокатска маркичка, во меѓувреме ќе се појави голем проблем. Заради тоа што адвокатот без разлика дали пружа бесплатна правна помош, дали го застапува клиентот дали го дава правниот совет бесплатно, дали застапува пред судот тој е должен на секој свој писмен поднесок ќе биде должен со Законот за адвокатска маркичка да ја купи адвокатската маркичка од Управата за јвани приходи и да ја залепи на таквиот поднесок. Значи однапред ќе биде изложен на одреден трошок. Затоа мислам дека адвокатската маркичка треба да се предвиди во рамките и на овој закон како и издатокот однапред или подоцна на некој начин од страна на државата ќе се рефундира на адвокатот.

Јас ви благодарам на вниманието во оваа фаза на законот на јавна расправа за бесплатна правна помош. Би имала толку да кажам. Ви благодарам за времето.

**Силвана Бонева:**

Благодарам на госпоѓата Снежана Дренеска за коментарите кои што беа дадени и укажувањата дека не е доволно дефинирана претходната правна помош, дека здружението на граѓани нема јасно утврдени критериуми кои треба да ги исполнат за да даваат правна помош, посебно заради можноста да се даваат писма преку органи на државната управа.

Понтаму во членот 21 укажувањата за роковите заради можноста да се испуштат фактички роковите за судска заштита и укажување за скратување на тие рокови, несогласување со правото на корисникот за избор адвокат, заради можност за фаворизирање на некој адвокат, за контролата од страна на Министерството односно надзорот кој што треба јасно да се конкретизира во кој дел надзорот ќе биде над адвокатите и членот 36 за намалување на тарифата на 20 наместо со 30% и членот 38 за здруженијата на граѓани кои што се непрофитабилни и не може за нив да има тарифа за бесплатна правна помош

. Значи, тоа беа најдобронамерни укажувања и коментари од страна на Адвокатската комора и благодариме.

Сега и давам збор на госпоѓата Маргарита Цаца Николовска , поранешен судија на Европскиот суд за човекови права, да го слушнеме нејзиното размислување по однос на одредбите од законот за бесплатана правна помош.

**Маргарита Цаца Николовска:**

Благодарам.

Дозволете ми прво да се заблагодарам на поканата која ми беше доставена. Во врска со оваа тема која е од огромно значење во оној дел што

значи остварување на своите права на сите граѓани во Република Македонија не само во однос на националните закони туку и во однос на меѓународните извори на право, а особено Европската конвенција за човекови права кое што прашање на правна помош го третира преку неколку сегменти.

Во интерес на времето јас ќе се задржам малку општо во презентирањето на одредените мои видувања на овој текст на законот со тоа што сум спремна до колку сметате дека можам да придонесам на некој друг начин да учествувам во изготвување или во презентирање на она што е во мојата можност, мојот капацитет, односно праксата на Европскиот суд за човекови права.

04/1.- ЛЈ

**Маргарита Цаца Николовска:**

Првиот впечаток на овој закон е дека истиот не дава слика на одвоеност, на судската од извршната власт што е нешто кое што во рамките на презентирање на подвоеноста на власта од една страна, и во рамките на презентирањето на пристапот до правдата од друга страна е нешто што сметам дека треба да се преиспита и да се направи ревизија во тој дел кои се ингеренциите на Министерството за правда.

Во сите членови во овој закон на некој начин се укажува на она што е надлежност на Министерството за правда, во смисла на оценката, во смисла на одредувањето, па и ако сакате и во оној дел што значи суштествено извршувње на правото на правна помош.

Во оној дел што значи големи ингеренции на Министерството за правда, мислам дека меѓу другото во одредени членови во овој закон е наведено дека Министерството за правда е тој кој што ќе одредува не само во делот на суштината, туку и во оној дел што значи критериум за загарантираното право во делот за корисници и во делот за она што се приходи.

Јас без посебна намера да презентирам на кој начин тоа право би можело овде да се разрешува, само би укажала на неколку сегменти дека согласно Конвенцијата за човекови права членот 1, државата е во обврска на сите граѓани на Република Македонија значи на државата која што ја

потпишала Конвенцијата да им обезбеди права кои што се загарантирани со Европската конвенција. Едно од правото што е загарантирано со Европската конвенција е правото и на правна помош, преку она што го кажав пристап до судот и она што значи можност да се оствари фер постапката, и да се остварат оние права кои што се предвидени со конвенцијата.

Значи, во текстот треба да фигурира можност на секого да го остварува ова свое право. Понатаму, во текстот, еве, на пример во членот 12 се зборува за државјани на земја членка на Европската унија, под услови и на начин, предвиден со овој закон. И понатаму во целокупниот текст ќе видите дека постојано се зборува за државјани на Европската унија. Јас лично сметам дека законот треба да ги опфати многу пошироко и другите граѓани, односно и другите државјани имајќи го во предвид претходното укажување. Па дури ќе видите и во овие изјави за усогласеност на прописите со законодавството, мислам на страна 2, што е усогласено со други извори на правото на Европската унија, па под некои стои член 6 од Европска конвенција за човекови права, а тоа е документ на Советот на Европа. Без разлика што и Европската унија односно членките на Европската унија како членки на Совет на Европа го користат овој извор на право.

Она што се однесува до критериумите по однос на корисниците значи е нешто што треба да се прошири и веројатно, можеби во некои од фуснотите кога се зборува за граѓанин, да се потенцира дека тоа е пошироко од она што го презентира Уставот. Нема да биде во спротивност на Уставот ако се каже дека сите граѓани кои што се на територија на Македонија го имаат ова право и дека на сите граѓани треба да им се обезбеди ова право.

Понатаму, во делот што зборува за приходите за барателот на правна помош, односно во членот 13, во оној дел кој што зборува кој дел ќе се смета за целокупен подвижен и недвижен имот, би сакала да укажам на една пракса на Европскиот суд за човекови права, каде што зборува за она што е станбена површина, односно што значи користење на стан за да се третира во однос на вкупниот имот на барателот на правна помош. Укажувањата би биле на линија дека во станбената површина која што е презентирана како место за егзистенција не може да биде на некој начин третиран како приход на барателот во делот за оценување дали тој има да

речам право на таква правна помош, или не. Приход можеби не одговара на терминот станбената површина, меѓутоа мислам дека во членот 14 можеби може да се вметне такво нешто во кое што точно и јасно ќе се наведе дека она што значи станбена површина, она што значи егзистенционални права на одредената личност која што бара одредена правна помош, не може да се смета како основ за да таа евентуално не ја добие таа правна помош.

Кога сме веќе кај членот 14 јас би рекла дека станува збор за ставот 2, каде што се вели, како имател согласно став 1 на овој член не се сметаат предметите кои согласно Законот за извршување се изземени од извршувањето. Исто не е спомнувано за стечајот на некој начин и тоа е еден основ кој што во оној дел кој што би можело да биде предјавено како побарување би требало да биде земено во предвид. И она што особено ми направи впечаток е, моторното возило чија вредност не надминува две просечни бруто плати исплатени во Републиката. Тоа значи некаде околу 600 евра. Мислам дека често е над 600 евра, ако добро го разбирам овој член, би требало да биде основ за да не се додели правна помош. Овој критериум мислам дека е на многу ниско ниво, и дека во тој дел треба да се има во предвид малку поширокata можност, особено што и моторното возило во одредени ситуации на некои граѓани може да му претставува средство за егзистенција. И во таква една ситуација ние не можеме да кажеме дека овој граѓанин нема право на правна помош. Она што во исто време би сакала да го нагласам е делот кој што се однесува за тоа правната помош да се остварува во тн., постапка пред сите судски и управни постапки. Она што особено ме загрижува е тоа што под судска постапка би требало да се подразбере и Европскиот суд за човекови права и одредените други меѓународни судови каде што на сите нас ни е познато дека одредени граѓани се во некаква процедура пред тие судови. Ако е тоа така, еве да го земеме Европскиот суд за човкови права, јас се прашувам како може Министерството за правда да дава било каква правна помош, дали е претходна или е дополнителна, кога фактички агентот е тој кој што понатаму ја застапува Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права. Тука е очигледна некомпатибилноста помеѓу она што значи надлежност на Министерството за правда, и она што значи судска постапка. Би можела да се сложам за некои управни постапки, се додека не дојде до пред Управниот суд меѓутоа и тука основано би се поставило прашањето ако една од странките е Министерството за правда, како може истиот орган

да нуди правна помош во некој спор каде што тој е инволвиран. Тоа се вака првични согледувања кои што сметам дека бараат на некој начин поголема и пообемна расправа или ако сакате подецидно укажување на одредени членови во овој закон.

Во членот 11 стои дека Министерството работите од областите на бесправна правна помош ги врши во соработка со адвокатска комора, комора на медијатори, органите на судската власт. Допуштете, каде е тука онаа разлика во извршување на своите надлежности. Органите на државната управа, Центарот за социјални работи, Здруженија на граѓани и мислам дека во одредените согледувања на другите институции наведено е дека треба и одредени фондации да бидат, што апсолутно го прифаќам, имајќи во предвид кои се пак нивните надлежности, и дека во многу тешки случаи тие би можеле, на некој начин да бидат и баратели на таквата правна помош.

Во членот 12 она што го напомнав по однос на членките, односно држасвјаните на Европска унија мислам дека треба и понатаму да се има во предвид, заради тоа што и во другите членови се споменува тоа. Барањето за бесплатна правна помош од членот 12 став 2, значи, овие граѓани, односно правни лица кои што можат да побараат правна помош повторно се поднесува до подрачното одделение на Министерството, и повторно крајната одлука е на извршната власт. Да не споменувам дека пак на таквата одлука која ќе ја донесе Министерството се нема право на жалба како на второстепен орган за да евентуално понатаму се поведе управен спор пред Управниот суд.

Јас се надевам дека на сите вас ви е познато дека Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за управната постапка, каде што не е дозволено право на жалба на првостепената одлука на Управниот суд, па во смисла на истото би требало да се има предвид и оваа одредба.

Она што на некој начин исто така претставува според мене одреден проблем, е онаа глава 7 каде што се зборува за посебните одредби за одобрување на бесплатна правна помош во прекуграничните спорови. Точно е дека на некој начин се опфаќаат и некои други категории на граѓани, кои што не се спомнати во претходните законски одредби каде што се наведени оние лица кои што можат да бараат правна помош, меѓутоа овде повторно се зборува само за прекуграничен спор во смисла на овој закон е спор, во

кој странката која е подносител на барањето за правна помош е со живеалиште или постојано престојувалиште, земја членка на Европска унија. Значи повторно правиме на некој начин дискриминација помеѓу лицата кои што можат да остваруваат правна помош. Бесплатната правна помош се вели не се  одобрува во управните, даночните и царинските работи. Јас не знам зошто и која е причината за ваквата одредба, меѓутоа сметам дека и ова нешто е на некој начин контрадикторно или произведува некој дискриминаторски однос во делот на другите сфери каде што е дозволено оценување дали треба да има правна помош, или не. Овде е многу рестриктивно кажано, дека истите фактички не можат да ја уживаат таа правна помош.

Она што колешката го изнесуваше во врска со адвокатите и во врска со да речам нивната надлежност во нашиот правен систем во поголем дел се согласувам со истата, меѓутоа она што на некој начин се зборуваше за фаворизирање на одредени адвокати, тука мислам дека ние таквото фаворизирање не можеме да го избегнеме преку правење на законски текст. Тоа е нешто кое што во текот на работењето би можеле во случај кога такво нешто би се појавило, или кога сметаат дека на некој начин лицето кое што не е одредено, или кое што е одредено не е соодветно, или користи фаворизаторски елементи. Доколку се има право на жалба, тоа би можело и во таа постапка на некој начин да се определува и да се обжалува.

Она што повторно сакам да го потенцирам е да се размисли само во оној дел, колку Министерството за правда може да има вакви ингеренции во делот на доделување на правната помош. Мислам дека можеби треба да се размислува за некое тело кое што ќе биде на овој, или на оној начин презентиран како независен орган кој што ќе одлучува во оваа сфера, особено имајќи го во предвид принципот на тн., објективна појава на независност и непристрасност, или она што многу често во пресудите на Европскиот суд за човекови права ќе го сретнете како . . . на независноста и тоа е оној основ, тоа е оној принцип кој што треба апсолутно да провејува во сите постапки, тоа е оној принцип каде што на најобичниот граѓанин од надвор треба да му се презентира една верба во постапувањето и во одредувањето на лицата кои што се одредени за таквата правна помош која што правна помош фактички и се доделува токму за да тие лица на некој начин во својот спор успеат, или бидат застапувани.

На крајот само би сакала да ви посочам  уште неколку примери од Европскиот суд за човекови права каде што одредени држави сметале дека не треба да се даде адвокат по службена должност што во пренос тоа значи одредена бесплатна правна помош во состојбата кога станувало збор за развод на брак. Во Законот ги има статусните спорови и добро е да ги има статусните спорови од причина што е кажано во тој спор дека жената која што ја покренала постапката била во состојба да не можела да ги разбере  сите правни проблеми. Во овој закон сметам дека тоа треба да биде есенционално. Не е толку егзистенционалното прашање за потребата за доделување на правна помош, тоа е нешто кое што треба да биде врзано за оние критериуми за бесплатната правна помош. Меѓутоа, еден од основните критериуми треба да се утврдува која е онаа сфера каде што на граѓаниниот, кога зборувам граѓанинот, сфатете ме многу пошироко во смисла на она што го кажував, има потреба од правна помош. Правната помош е во крајна линија во сферата на она што значи демократско општество. И она што е особено важно е да се постапува по принципите на владеењето на правото. Јас тука би завршила, со тоа што уште еднаш нагласувам дека моето излагање беше повеќе општо, повеќе она што на некој начин сметам дека треба да биде вметнато во овој закон, со тоа што апсолутно дека на секој член би можела да дадам одредена забелешка, меѓутоа, сметам дека расправата на денешен ден фактички не е насочена во таа смисла. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодариме за укажувањата.

Се надевам дека ќе бидат добредојдени и за Минситерството за правда и за сите мои колеги кои што денес се присутни на денешнава расправа. Посебно укажувањето за одвоеноста, дека законот не дава одвоеност на судската од извршната власт, дека треба да се направи ревизија на ингеренциите на Министерството за правда, бидејќи има големи ингеренции Министерството за правда во делот на критериумите за корисници, дека законот треба да ги опфати пошироко граѓаните за бесплатна правна помош, не само граѓаните на Европската унија, бидејќи на територијата на Република Македонија можат да се најдат граѓани и од други земји. За критериумите, за корисниците дека треба да се прошират и

да важат за сите граѓани на територијата на Република Македонија дека треба да го имаат тоа право.

Понатаму, укажувањата на член 13 за имотот на барателот на правна помош. За станбената површина како место за егзистенција, дека не може таа да се оценува како приход на граѓаните и по тој основ да не може некој да добие бесплатна правна помош само заради тоа што има стан во кој што живее. И укажувањето дека во член 14 треба да се наведе дека станбената површина е егзистенционално право и не треба да биде основ за недобивање на правна помош. Исто така во член 14, изнесувањето за стечајот. Понатаму, за критериумот за моторно возило, за тоа дека и моторното возило може да овозможи егзистенцијално право на некој граѓанин. И овде треба да се размисли.

ПЈ/ЕС 5/1.-

**Силвана Бонева :**

За тоа дека и моторното возило може да биде, да овозможи егзистенцијално право на некој граѓанин и овде треба да се размисли. Понатаму на крајната одлука на Министерството за правда дали ќе му одобри или не бесплатна правна помош на граѓанинот без право на жалба понатаму, и значи во тој дел треба сериозно да се размисли.

И претходно тоа што беше кажано од страна на претставникот на Адвокатската комора, дека правото на избор на адвокат од страна на корисникот на бесплатна правна помош, значи фаворизирање на некои од адвокатите, дека тоа не може да се регулира преку законскиот текст.

Мислам дека исто така укажувањето дека треба да се размисли за независен орган кој ќе одлучува за бесплатната правна помош, а не тоа само да биде Министерството за правда е интересно.

На крајот укажувањето на искуството од другите земји во врска со потребата од правна помош за дека треба да се види која е онаа сфера во која што граѓаните имаат право на правна помош и овде посебно со

укажувањето за бракоразводните спорови и потребата од правна помош, токму во тој дел. Затоа и благодарам на госпоѓата Маргарита.

Сега ја повикувам да земе збор Марија Гелевска од Здружение за еманципација и еднаквост на жените и се надевам дека со последното укажување на госпоѓата Маргарита ќе може да се поврзе и Здуженито за еманципација на жените, повелете.

**Маргарита Гелева:**

Добар ден на сите, почитувани пратеници.

Најнапред да се преставам. Јас сум Марија Гелевска, доаѓам од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените.

Инаку како организација  повеќе години работиме на ова поле, односно на полето давање на бесплатна правна помош во врска со теми поврзани со семејно насилство. Имено, 2002 година отворивме ваков центар во Скопје и два регионални центри во Битола и во Штип. Би сакала пред се да ја поздравам оваа јавна расправа, за едно вакво значајно прашање, прашање кое што е од поширок општествен интерес, пред се за сите граѓани а посебно за оние за кои и ние еве работиме како организација односно  тие посебно ранливи групи на кои што, навистина, им треба посебно ефикасен пристап до судските инстанци, почитувајќи го при тоа принципот на недискриминација по било кој основ.

Би сакала да напоменам што е она што до сега сме работеле, па можеби би можело нашето искуство да се искористи како позитивна пракса во она што значи  носење на еден ваков работен текст на Законот за беплатна правна помош. А тоа е дека во рамките на нашиот центар за бесплатна помош досега обезбедувавме она што значи претходна правна помош што сега е веќе инволвирана и дефинирана, што значи истата давање на правна информација подготвување на правна писмена и судско застапување, значи пред судските инстанци, но само за одредена категорија на граѓани, заради тоа што нашето здружение има одреден фонд на средства за покривање  на судските такси, но при тоа не беше достапно буквално на

сите оние коишто се обраќаа во нашето здружение. Но на одредена група на граѓани кои што се жртви на семејно насилство, а се наоѓаат во исклучително тешка финансиска состојба им беше обезбедено ваквата судска заштита, покривање на судските такси и судското застапување.

Јас не би сакала денес да зборувам генерално за работниот текст на овој закон од причина што заради тоа што ние како организација заедно со Здужението на млади правници, работевме генерално на давање на забелешки на овој текст, па ќе оставам колегата Жарко да ги даде другите забелешки. Јас ќе се обидам да се осврнам на она што се однесува на ефикасниот пристап до оваа група на граѓани во остварувањето на правото за давање на бесплатна правна помош. А тоа е дека овој текст, она што го спомена и еден од претходните соговорници дека роковите во смисла на одобрување, односно поднесување на сите документи, целата документација и поднесување на барање до подрачното одделение на Министерството за правда, а оттаму и проследувањето на самото барање до Министерството за правда да донесе одлука, дали ќе се реши позитивно односно дали ќе се се одобри бесплатна правна помош или не е поприлично долга. Имено, имаме 15 дена во подрачното одделение доставува до Министерството, а понатаму Министерството одлучува во рок од 15 дена значи вкупно 30 дена што е навистина долга и исцпрувачка постапка. Би сакала да напоменам дека посебно ќе треба да се прецизираат итните рокови заради тоа што законот предвидува конктретно дека во одредени случаи подрачното одделение ќе ја цени итноста но при тоа не ги предвидува итните рокови кога веднаш треба да се донесе ваква одлука за бесплатна правна помош. Ние можеме да ги доставиме нашите предлози, па во смисла на тоа во член 8 додадовме дека во случаите на семејно насилство заштита на жртви од казниви дела, заштита на жртви од трговија со луѓе и во други случаи утврдени со закон, лицето кое бара бесплатна правна помош, при поднесување на барањето не е должно да ги исполнува условите утвдени во член 12 став 2 и член 14. Тоа се тие услови за кои госпоѓата Николовска претходно говореше, а кои подразбираат

односно кои се рестриктивни во моментот кога, или пак постапката би била многу долга да се докаже дека жртвата во моментот кога бара беплатна правна помош, ги има или ги нема, ги исполнува или не ги исполнува овие услови и предлагаме една измена во член 20, повторно во поглед на скратување на роковите. Значи во член 20 став 2 да се додаде нов став 2 кој што ќе подразбира дека во случај на семејно насилство одлука за обезбедување на бесплатна правна помош да се донесе на ниво на подрачното одделение на Министерството повторно во функција на остварување на начелото на ефикасност и итност во постапувањето и тоа во рок од 24 часа по поднесувањето на барањето. Ова е од исклучителна важност од причина што жртвата на семејно насилство во текот на барањето за нејзнина заштита во граѓанската постапка каде што се дава можност да бара привремени мерки на заштита и тие веќе се предвидени во Законот за семејство. Таму законодавецот предвидел итност и во рок од три дена жртвата откако ќе го поднесе барањето во рок од три дена судот мора да одлучи по ваквата привремена мерка за заштита. Така што ценејќи ја оваа интенција на законодавецот да постапува итно, ќе мора и во оваа смисла во Законот за бесплатна правна помош да се скусат роковите и да изнесуваат до 24 часа, веднаш да се одлучи по ваквото барање заради тоа што во овие ситуации е загрозен животот или безбедноста на самата жртва.

Јас нема да говорам за другите одредби, ќе оставам простор на колегата, во однос на другите одредби да даде забелешки.

**Силвана Бонева:**

Благодарам на госпоѓа Марија Гелевска за нивните искуства во областа на бесплатна правна помош, и освртот на ефиксниот пристап на групата на граѓани на кои им е потребна правна помош, за укажувањата на долгите рокови во постапката за добивање на бесплатна правна помош и за тоа што не е предвидено да има итни рокови за постапување во случаи на семејно насилство и трговија со луѓе, дека не треба да важат критериумите од член 12

став 2, бидејќи ќе се оддолжи постапката, потребо е итно постапување и во член 20 да се додаде дека за семејното насилство одлука за бесплатна правна помош треба да се носи во рок од 24 часо по поднесување на барањето.

Има збор госпоѓа Аница Томишиќ Стојковска, повелете.

**Аница Томишиќ Стојковска:**

Благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван министер, и почитувана потпретседател на Советот за евроинтеграции.

Ние како координативно тело во кое учествуваат и 20 здруженија на граѓани забелешките на претходната работна верзија на законот за бесплатна правна помош ја имавме доставено до Министерството за прадва и со оние секагашни забелешки сметаме дека еден дел од нив се прифатени и усвоени како такви со тоа што за нас исто така претставува задоволство бидејќи иако беше напоменато дека од моментот од донесувањето на законот за бесплатна правна помош здуженијата на граѓани ќе имаат можност да се вклучат во ова сфера. Напротив здуженија на граѓани веќе подолго време работат во оваа проблематика и постојат здуженија кои изминатите 5 до 10 години веќе обезбедуваат бесплатна правна помош, доставуваат писмена документација и им помагаат на жрвите во делот на прв иницијален правен совет. Тоа е особено кога се работи за жртви на трговија со луѓе, жртвите на семејно насилство, а конкретно работиме и на жртви кои се жалат на полициско заплашување односно сметаат дека се изложени на полициска тортура или друг вид на сурово понижувачко однесување на овластени службени лица. Во таа насока не сакавме да тргнеме само од позиција на граѓанско насилство, само да го браниме сопствениот став дека како здружение на граѓани и фондации имаме право да учестуваме во законот за бесплатна правна помош, туку во координација со другите здруженија кое што беше раководено од Здружението на млади правници и да се направи

опсежна анализа. Првично да се види какви се законите во регионот, каква е светската практика и можеме од самите документи коишто се доставени да се види дека постојат голем број на земји каде што здруженијата на граѓани се вклучени во законот за бесплатна правна помош, почнувајќи од Хрватска, Словенија итн.

Вториот момент кој беше за нас значаен, а тоа е не да се осврнеме на на тоа кој ќе ја дава бесплатната правна помош, туку на оној кој што ќе ја прима бесплатната правна помош, со што ќе се овозможи еднаквост при изборот на граѓанинот каде сака да се обрати односно да може да бира помеѓу повеќе даватели на оваа услуга, а наше да им се обезбеди еднаков пристап до правдата. Бидејќи во самиот текст стои дека работната верзија на Законот за бесплатна правна помош нема директна поврзаност со другите прописи, за нас беше малку збунувачки бидејќи постојат досегашни закони кои што ја дефинираат оваа проблематика. Првенствено тука е Законот за потрошувачи кој што предвидува бесплатна правна помош на потрошувачите, потоа тука е Законот за странци, Законот за азиланти, а исто така во Законот за полиција стои дека во случај да се поведе постапка против полициски службеник Министерството за внатрешни работи обезбедува бесплатна правна помош на своите служби како такви. Значи, веќе постојат одредени постулати врз основа на кои што се обезбедува делумна бесплатна помош ако може да кажеме, но самото донесување на овој закон ќе биде од непроценото значење бидејќи ќе ја заокружи материјата на бесплатна правна помош и нема само да има таргетирани групи кои што ќе можат да ја добијат како што се странци, азиланти, полициските служби туку ќе се опфати една поширока материја како што рече и министерот од друг сегмент, од сегмент да на сите граѓани да им се даде можност за еднаков пристап до правдата особено на оние лица кои што немаат финансиски средства за да можат да ја обезбедат правдата која што ја посакуваат како таква.

Она што за нас беше спорно е делот на член 3 каде што стои дека имотот на подносителот на барањето за бесплатна правна помош покрај

другите наведени елементи ќе преставува и износот на готовина во домашна и странска валута. За нас беше спорен моментот како ќе се утврди износот на готовина кое што едно физичко лице го поседува. Значи, дали тоа ќе биде лицето да го пријавува и да веруваме да ја каже вистината, односно да го пријави износот во целост или ќе се оди на поинаков начин на докажување на износот на готовина, што според нас како граѓански здруженија сметавме дека е спорен моментот бидејќи не постои целосен и сеопфатен систем како може во целост да знаеме кој со колкава готовина располага, дали е тоа во домашна или во странска валута.

Вториот сегмент е она што го спомна судиката Цаца Николовска. Прашањето е од егситенцијална природа, што претставува егзитенционална природа, дали во оваа проблематика се гледа само оние предмети кои што се од егзистенционална природа и кои што го загрозуваат правото на живот, слобода и другите езистеционални прашања или тоа ќе биде земено во еден поширок сегмент каде што пристапот до правда ќе биде сфатен како егзистенционално прашање во одредена смисла на зборот.

Во делот на условите кои што треба да ги исполнува едно здружение на граѓани за да може да биде давател на бесплатна правна помош од нашите анализи и од она што го работиме, да, здруженијата на граѓани се непрофитни правни лица  и неоставаруваат профит туку имаат трошоци врз основа на кои што се правдаат пред домашните или странски донатори. И токму  поради нестабилниот момент на здруженијата на граѓани, што најчесто се базираат врз основа на едногодишни или повеќе годишни договори со своите донатори, членот 17, не можеме да кажеме дека се доведува во колизија, но членот 17 став 2, да се има вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит, за нас сметавме дека би требало да се преформулира и да претставува ангажирано лице. Бидејќи, согласно вработувањето, на тоа лице ние не можеме да му обезбедиме одредено пријавување, па најчесто се оди со договори на определно време. Затоа, тука би се одело со ангажирано лице, со еден дипломиран правник, кој има положено правосуден испит и кој и во

моментот како здружение на граѓани располагаме со тој капацитет на луѓе кои работат со проблематиката на давање бесплатна правна помош.

Членот 18 е исто така нешто што би требало да добие свое појаснување од Министерството за правда и оние лоца кои директно го составувале. што претставува рекламирање на давање на бесплатна правна помош од страна на здружение на граѓани и фондации, бидејќи голем дел од здруженијата располагаат со СОС линии што ги објавуваат на билборди, во своите месечни и годишни извештаи и дали и тоа претставува рекламирање или пак овој вид на рекламирање опфаќа некоја друга категорија што треба точно да биде дефинирана, бидејќи рекламирањето давање бесплатна правна помош ќе биде услов да здужението на граѓани биде избришано од регистерот за понатамошно давање на бесплатна правна помош. Ова е еден нагетивен услов што ако го применуваат здуженијата на граѓани ќе претставува основ Министерството за правда да го избрише здружението на граѓани од регистерот за давање бесплатна правна помош.

Во членот 19 треба дојде една проширена форма, каде се опфатени азилантите или каде има трговија со луѓе и сметавме дека тука, покрај азилантите треба да се опфатат странците, лицата без државјанство, да не биде во една стеснета дефиниција покрај домашните државјани кои можат да бидат носители на бесплатна правна помош.

Сегментот што е за регистрите, наш предлог е регистерот на здруженија на граѓани што ќе даваат бесплатна правна помош да биде доставен до централниот регистер за да можат и граѓаните и државната управа, која има слободен пристап до информациите, да видат кои се тие здруженија на граѓани кои работат на оваа проблематика.

Во брошурата, во Анализата што е доставена назначени се здуженијата на граѓани што учествуваа во анализата на законите за бесплатна правна помош како во нашата земја така и во регионот и се надевам дека овие искуства ќе помогнат за донесување квалитетен закон. тоа беше и една од

препораките на Комесарот за човекови права од минатата година. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

И благодарам на госпоѓа Аница Стојковска за задоволството што беше искажано од нивна страна за прифаќањето на нивните забелешки што се веќе инкорпорирани во законот за бесплатна правна помош и за вклучувањето на здруженијата на граѓани по теркот на Хрватска и Словенија. За укажувањето дека и до сега тие обезбедувале бесплатна правна помош, понатаму освртот на член 3 и укажувањето на тоа како ќе се утврди износот на готовина бидејќи не постои цел опфатен систем на регистрирање. Условите во кои здруженијата на граѓани ја вршат правната помош се тешки.

06/1.-СС/ЕД

**Силвана Бонева: (продолжение)**

Заради тоа тие предлагаат во член 17 став 2, наместо вработување на најмалку еден дипломиран правник, да биде ангажирање на дипломиран правник со правосуден испит. Да не се побара со дополнителни трошоци во моменти кога нема луѓе кои се заинтересирани за давање бесплатна правна помош и да се појасни што значи рекламирање на бесплатна правна помош за да не се доведат во ситуација кога издаваат билтени, регистри, дека тоа се смета за рекламирање, па да бидат избришани од Регистарот на здружение на граѓани. Тоа да биде доставено до Централниот регистар, да се знае кои здруженија работаат на оваа проблематика.

Уште еднаш благодарам.

Сега му давам збор на господинот Жарко Хаџи Зафиров од Македонското здружение на млади правници, виновниците за овој извештај што денеска се наоѓа пред нас.

**Жарко Хаџи Зафиров:**

Јас сум Жарко Хаџи Зафиров, моментално сум ангажиран од Македонското здружение на млади правници.

Ние не сме виновници, ние сме координатори на 21 невладина организација, од кои повеќето се надевам дека се уште пружаат бесплатна правна помош, наречена претходно или застапување во постапка. Зависи од нивниот ангажман и од нивната ориентација.

На кратко, сакам да дадам вовед како невладиниот сектор зема учество во коментирање на закони, тогаш беше Нацрт на законот односно Нацрт на предлогот на законот за бесплатна правна помош.

Во блиска соработка со набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, ние бевме информирани дека Министерството за правда припрема таков документ, по што веднаш се обративме до Министерството каде што, морам да кажам, за жал првиот пат бевме одбиени, со тоа што не ни беше доставен документот, па потоа преку набљудувачката мисија го добивме документот и добивме можност да ги коментираме решенијата што беа предвидени во првичниот документ.

Првичниот документ беше заснован врз бугарскиот модел за пружање на бесплатна правна помош, каде што државата ја има целосната надлженост во пружањето на бесплатна правна помош, без притоа да се земе предвид македонскиот концпет на граѓанското општество и македонскиот концпет на соработка помеѓу граѓанското општество и Владата на Република Македонија, односно државните институции. Веднаш потоа беше свикан координативен состанок на кој што присуствуваа 21 организација, присуствуваа и претставници на меѓународната донаторска заедница, каде што точно беа утврдени принципите зошто граѓанскиот сектор би се вклучил во системот на пружање на бесплатна правна помош. По што беше заклучено дека треба да се изготви подлабока студија во однос на тоа какви форми и капацитети на бесплатна правна помош постојат во Република Македонија.

Мислам дека Студијата е поделена на сите учесници на оваа дискусија. Многу е битно да се каже дека во неа учествуваа претставници на Правно информативниот центар од Словенија, на покана на Здружението на млади правници, затоа што Република Словенија е твининг партнер во пристапот на Република Македонија кон Европската унија. Многу е битно, затоа што Словенија, како правен систем, многу одговара на правниот систем на Република Македонија.

И, најбитен факт што тогаш беше потенциран е дека во Република Словенија веќе постоеше утврден систем на бесплатна правна помош. Експерти од една од двете невладини организации во Република Словенија дојдоа во Република Македонија, ја скенираа целата ситуација и заедно со експерти од Република Македонија го изготвија овој Извештај што е пред вас.

Битно е дека во Извештајот се даде преглед на два концепти: Еден концепт каде што има активно учество на граѓанското општество, и вториот

концепт каде државата има целосна или исклучителна надлежност во пружањето на бесплатната правна помош.

Ние одиме по концептот за активно вкучување на граѓанското општество затоа што ако ги процените капацитетите, со проценувањето увидовме дека Адвокатаската комора на Република Македонија и граѓанскиот сектор се исклучиво ориентирање кон обезбедувањето на бесплатна правна помош. И со право Адвокатската комора, затоа што Адвокатската комора е организација што гарантира квалитетна и професионална правна помош и здруженијата на граѓани кои по сопствена иницијатива пружаат бесплатна правна помош. Тоа беше процесот низ кој се помина, да веднаш потоа се направат две тркалезни маси, во соработка со Министерството за правда каде точно беа презентирани податоците што беа клучни за пишување на овој извештај.

Нас не израдува многу што судските органи, односно претставниците на судските органи, посебно на апелациските судови ја поздравија можноста за соработка помеѓу адвокатите и здруженијата на граѓани на ова поле, посебно што претставниците на Адвокатската комора во Битола покажаа огромна волја и надеж дека граѓанскиот сектор и Адвокатската комора ќе работаат на оваа материја. Тука заврши процесот во однос на нашата вклученост. Тоа беше во февруари 2008 година и од тогаш до април 2009 година овој закон беше адакта. Законот беше во Министерството за правда со коментарите што ние ги испративме.

Постојано се обидуваме да дојдеме до последната верзија, затоа што сакавме, доколку е можно да реагираме и да дадеме определени сугестии пред да влезе во владина процедура, по што ни беше овозможено, преку комуникација со заменикот министер за правда и по доставувањето на Извештајот до Министерството за правда и сите коментари и сугестии, што доведе до позитивна промена во Предлогот на законот за бесплатна правна помош што е сега пред вас. Значи, од еден момент кога Министерството за правда не ги предвидува претставниците на граѓанскиот сектор, сега имаме момент каде што граѓанскиот сектор ќе биде активно вклучен во пружањето на бесплатната правна помош.

Би сакал малку да го коментирам законот, затоа што кога ги пишуваме законите, пред се треба да ги имаме уставните и законски принципи, принципот на уставност и законитост кај нас, за да немаме проблем и да немаме конфузија при примена на законские норми што ќе бидат донесени од

страна на Собранието на Република Македонија. Моите две колешки претходно дадоа осврт за определени прашања. Јас би сакал да дадам еден осврт, за што многу се залагам, што реално ќе остави да работи Уставниот суд на Република Македонија, а тоа е во однос на тоа кој може да биде корисник на бесплатна правна помош.

Тука е многу категорично напишано дека корисник на бесплатна правна помош може да биде лице корисник на социјална помош, лица корисници на правото на инвалидски додаток, а не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижност, корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него, семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца што го оствруваат правото на детски додаток.

Каде ќе се јави проблемот кај примената? Зборуваме, во одредбите што ги прочитав, се однесуваат конкретно на лица кои имаат остварено статус, но не и на лица кои треба да остварат статус. Лицата кои треба да користат социјална помош, кои треба да користат детски додаток, кои треба да користат најниска пензија, реално не ќе можат да бараат бесплатна правна помош во остварувањето на своите права. Затоа што тие, реално ги исполнуваат условите, но фактички го немаат статусот што го предвидува овој Предлог на законот. Тука имаме директен пример, доколку не се видо измени овој текст, да стане збор за повреда на членот 9 од Уставот на Република Македонија.

Понатаму, многу е битно да се утврдат условите на пружателите на бесплатна правна помош. Се утврдува за адвокатите, затоа што се знае што е адвокат, затоа што Законот за адвокатура точно дефнира што претставува адвокат. Се утврдува за медијаторите, се утврдува за невладиниот односно на здруженијата на граѓани, но не се утврдува за подрачните одделенија на Министерството за правда.

Отидовме еден чекор понатаму, поднесовме барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерството за правда, за да видиме колку лица имаат од подрачните одделенија и колку имаат положено правосуден испит. Добивме една информација во која се вели дека 80 лица се дипломирани правници. Но, не постои информација колку лица имаат положено правосуден испит. Тука ќе се доведеме во една ситуација каде што треба да се запрашаме дали лицата кои работаат во подрачните одделенија на Министерството за правда ги исполнуваат условите што треба

да ги исполнат сите останати? Тоа не треба точно да се дефинира, а кое лице може во рамките на одделението, подрачното одделение на Министерството за правда да пружаат претходно бесплатна правна помош.

Понатаму, се согласувам со моите колеги дека роковите се многу долги. Реално, посебно роковите за работните спорови претставуваат голем проблем, затоа што тука е сржта на помагањето на тие луѓе на кои им треба помош. Треба да бидат кратки и институциите треба да бидат многу брзи. Во моментов постои обединување на информациите што треба да ги споделуваат сите релевантни инситуции по однос на имотни состојби, по однос на сите прашања што го тангираат овој закон. Ќе биде многу лесно кроз еден извесен временски период, претставник од Министерството за правда да провери дали определено лице има имот или нема. Како што е интенцијата во моментов на државните органи, да оди по компјутерски пат или со телефонско јавување, каде што од Управата за јавни приходи ќе биде дадена точна информација во однос на тоа колку имот има лицето и дали има имот на свое лице.

Многу битна работа е што се предвидува медијацијата како бесплатна правна помош. Но, начинот на кој што се предвидува медијацијата е многу погрешен. Затоа што не секој медијатор е правник. Ова го кажувам затоа што сум јас поранешен член на Управниот одбор на Комората на медијатори. Не секој медијатор е правник. Кога би ги преформулирале обидот и желбата на Министерството за правда, тогаш би ја ставиле медијацијата како помош на лицето да го реши спорот и да се предвиди со овој закон. Но не да се предвиди медијаторот како пружател на правна помош затоа што се губи моментот на неутралност на медијаторот, што е основниот принцип во медијацијата. Тоа е исто како судија да дава бесплатна правна помош. Секогаш ќе биде поблизок до едната страна, затоа што има обврска спрема таа страна да даде бесплатна правна помош.

Во однос на словенечкиот модел, Словенцијте многу точно и прецизно кажуваат, врзувајте го правото на бесплатна правна помош со приходи, не со имоти. Затоа што беше многу пластично кажано, луѓето не можат да ги јадат имотите и становите и доколку сакаат да ги продадат можеби им треба годи, можеби две или три. Тогаш се поставува прашањето каде е пристапот до правдата. Затоа е многу битно да се има предвид приходот.

Во врска со висината на приходите, може да се разговара и точно да се утврди. Порано беше нето плати, сега гледам во еден дел е бруто плати, што

е добро, затоа што се зголемува износот. Мислам дека за минатиот месец е околу 30 илјади денари, така што тоа е многу битен елемент.

И уште една работа на крајот, во однос на минус 30% на адвокатската тарифа. Се доведува во прашање Законот за кривична постапка, Законот за парнична постапка. Тие не предвидуваат дисконт на услугата односно на пружањето на бесплатна правна помош кај задолжителната одбрана и бесплатна правна помош кај парничната постапка. Тука има еден вид на колизија на нормни, односно на неусогласеност што може да предизвика проблем.

Од друга страна имаме, ние така го нарекуваме индиректна дискриминација затоа што зошто државата да плати 70% од сумата, а обичните граѓани да плаќаат 100%. Се поставува прашање дали и во овој случај имаме дискримнација? Благодарам многу.

**Силвана Бонева:**

Искрено благодариме за опсежната анализа на господинот Хаџи Зафиров, координатор на 21 невладина организација.

Тој укажа и даде објаснување за процесот како е дојдено до Студијата и помошта на Република Словенија како твининг партнер на Република Македонија на патот кон Европската унија, за тоа дека од нив искажале задоволство за прифаќање на концептот за учество на граѓанските здруженија во бесплатна правна помош.

Укажувањето на член 3 дека во корисници на бесплатна правна помош ви се опфатени лица кои реално ги исполнуваат условите, а фактички не го оствариле ова право како корисници на социјална помош, на детски додаток, за да може да биде тоа основ за стекнување бесплатна правна помош.

Укажувањето дека во подрачните единици на Министерството за правда, според нивни анализи има 80 лица со завршен правен факултет, не се знае дали имаат завршено правен испит дали можат подрачните одделние на Министерството за правда, согласно Законот да ги исполнат критериумите за да можат да даваат бесплатна правна помош.

Беше дадено укажување за скратување на роковите, како и претходно и на тоа дека, бидејќи секој медијатор не е правник, медијаторот не треба да биде давател на правна помош. Понатаму, имаше укажувања дека стекнувањето на правото на бесплатна правна помош да се врзува со имотот туку со приходите. Верувам дека ова укажување ќе биде сериозно

размислено, бидејќи вистина е тоа дека луѓето можат да имаат и стан, можеби да имаат и поголем двор, и нива, но немаат воопшто ништо да јават или да се способни. Исто и за колизија помеѓу Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка и овој закон, бидејќи тие не дозволуваат дисконт на услугите.

Верувам дека овие укажувања ќе бидат земени во предвид од министерот за правда и од Министерството.

И давам збор на Даниела Панева-организација на жените на Општина Свети Николе.

**Даниела Панева:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо претседавач, почитуван заменик министер, членови на Националниот совет, ртеници и претставници од невладиниот сектор.

Јас сум Даниела Панева, доаѓам исто така од  невладина организација, невладин сектор, Организацијата на жени на Општина Свети Никое што постојано работи од 1990 година, а 1998 година е регистрирана во Основниот суд Свети Николе.

Вработена сум во таа организација како правник, правник координатор по проект, проект финансиран од Светска фондација што го следи имплементирањето на програмата за бесплатни ПАП тестови. Вработена сум и како правник во давање бесплатна правна помош.

Прашањето што сакав да го дискутирам, веќе имаше дискусијата во однос на должината на роковите, тоа беше дискутирано од претходните претставници. Сакав да отворам дискусија во однос на Министерството за правда, бидејќи се работи за една нова општина, а знаеме дека постојат вработени, дипломирани правници, меѓутоа без положен правосуден испит, дали и тие ќе можат да даваат бесплатна правна помош при Министерството за правда. Меѓутоа, сега ме интересира за забелешките во однос на здруженијата на граѓани.

Дали би било контрадикторно, бидејќи како организација на жени трета година континуирано работиме на давање на бесплатна правна помош. Од оваа година и психосоцијална помош, каде што приоритет даваме на жените жртви на семејно насилство, меѓутоа не ги исклучуваме ни мажите кои се жртви на семејно насилство, но исто така без платна правна помош и за други кривични дела, граѓански, посебно од работни односи. Но, не е исключена

можноста без оглед на полот, односно на имотната состојба на кое лице од Општина Свети Николе ќе дадеме бесплатна правна помош.

07/1.- РД/ОМ

**Даниела Панова: (Продолжение)**

Во однос на член 17 во Предлог законот за песплатна правна помош стои дека единствено здружението на граѓани кои што во актот за основање и статутот на Здружението имаат зацртано една од целите дека за давање на бесплатна правна помош за целите за кои што се основани. Нашата организација е заштита на човековите права,приоритет на женските права, женското здравје и семејно насилство,односно заштита и едукација за семејно насилство, меѓутоа не сме регистрирани и немаме во актот за основање давање  бесплатна правна помош. Дали би било контрадикторно до колку во иднина, по проектна активност и понатаму ќе продолжиме да работиме со давање на бесплатна правна помош во канцелариите во нашите здруженија бидејки според овој закон не се наоѓаме тука. Исто така, во однос на давателите на бесплатна правна помош не само во министерствата на подрачните единици не сме единствено здружение каде што дипломирани правници даваат бесплатна правна помош, меѓутоа нема правосуден испит. Има многу здруженија на граѓани кои даваа бесплатна правна помош  меѓутоа, се само дипломирани правници без положен правосуден испит.

И во однос на примателите би сакала да се дискутира  врз основа на тоа дали мора да дадат имотно правно решение дека навистина имаат имот и колку имот имаат, бидејки на локално ниво на некоја помала општина, луѓето бараат дискреција во однос на својата имотна состојба бидејки имаат искуство од претходно дека има недоволна доверба во некои надлежни институции, илипак во некои институции каде треба да ги добијат тие решенија, директно доаѓаат кај нас за помош за правна помош, за подготовка на некои правни поднесоци. Во однос на тоа , дали е можно, на пример, како Здружение на граѓани во иднина кога би давале ние бесплатна правна помош мора тие приматели  да имаат донесено такви решенија дека се со слабо имотни.

Инаку, почнавме од 2007 година имаме регистрирано 76 случаи на приматели, односно случаи на кој им е дадена бесплатна правна помош во 2008 година 78 случаи, а тековната 2009 има 43 случаи. Предходните две години, има 12 жртви на семејно насилство за кои беа подготвени поднесоци, инаку не застапуваме пред суд, меѓутоа даваме правни совети од областа на семејното право. Затоа ме интересира дали во иднина би можеле да даваме бесплатна правна помош како Здружение на граѓани.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам што ги споделивте вашите размислувања и вашите дилеми. Единствено она што можам да кажам кога законот за бесплатна правна помош ќе биде донесен овде во Собранието, тогаш сите здруженија кои сакаат да се занимаваат со бесплатна правна помош треба да се усогласат со законот, односно треба да направат пререгистрирање за да се занимаваат со бесплатна правна помош.

Следен за збор е Иџет Мемети, повелете.

**Иџет Мемети:**

Почитувани пратеници, почитувани присутни, почитуван министер, Јас би сакал најнапред да ја поздравам иницијативата на еден од предлагачите, оваа проблематика ја ставија во една законска рамка и сметам дека од сите до сега што дискутираа, произлезе дека се работи за исклучително важна материја се со цел на тие што им е потребна бесплатна правна помош да се чуствуваат еднакви со другите кои можат да имаат пристап до правдата. Затоа уште еднаш сметам дека е многу важен закон кој секако дека ја потврдија потребата од донесување на истиот, што значи дека во Република Македонија имаме еден закон со кој ќе ја регулираме оваа материја. Јас би сакал да кажам неколку збора по однос на она што беше спомнато, кој ќе биде органот, ако може така да се нарече кој ќе одлучува за давателите на бесплатна правна помош и кој ќе врши надзор над нивната работа. Овде секој може да даде свој суд, но сепак сметам дека најбитно е да постои ваков

систем во Република Македонија, со кој сметам дека поставеноста на овој систем треба да овозможува ефикасна и квалитетна бесплатна правна помош на лицата кои за тоа навистина имаат потреба. За ова сакам да кажам дека навистина ние можеме да преферираме одреден систем или одредена поставеност на овој систем затоа што некој даде толкување по однос на тоа за поставеноста на тие системи и т.н. Но секако, гледајќи ги компаративните системи треба многу често да се навраќаме во нашите околности и во нашите состојби за да изградиме систем кој навистина ќе функционира како што треба. Но сепак то ае работа на проценка на тој што по сила на Устав и Закон може да предложи одреден систем или одреден закон. Зборувам сега за моделот. Ако се смета дека и ваквиот модел може навистина ефикасно да им пружи бесплатна правна помош на немоќните, тогаш зошто да не Собрание еприфати и на ваков начин да биде концепирано. Значи Министерството за правда или дел на извршната власт да биде органот или капата на пример на која делуваат давателите на бесплатната правна помош и секако дека врши надзор над нивната работа.

Сметам дека овој текст на законот, ако ова го тргнеме на страна, значи концептот на законот по однос на моделот, тогаш сметам дека текстот на законот кој е пред нас, најискрено да ви кажам кога видов Предлог на закон за бесплатна правна помош како писмо од претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, видов дека се работи за работна верзија и сметав дека, односно тогаш бев малку порамнодушен и реков дека навистина се работи за еден текст кој е добра основа како почетна за да изградиме добар систем за да се постигне посакуваната цел.

Ќе дозволите затоа што неколку од излагачите и тие што го коментираа текстот на законот и моделите се осфрнаа на неколку решенија што ги нуди сегашниот текст на законот. Па можеби некаде ќе се обидам да не се повторам. Значи, побрзо да ја завршам мојата дискусија со цел да дадам мал придонес кон подобрување на тоа што јас го нареков добра основа за подготвување на законот.

Во членот 2 ако гледате вели, по однос на целта што треба да се постигне е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните до институциите на системот. Сепак ние што сме правници треба некои работи да ги разграничиме, или да ги појасниме, се со цел, да не доаѓаме до судир на тоа што значи правен систем во Република Македонија, почнувајќи од Уставот. Согласно Уставот на Република Македонија под поимот граѓани се подразбира исклучиво државјани на Република Македонија и ништо друго. Затоа сметам дека, како што беше и спомнато и го делам мислењето дека во овој дел, секако дека треба да се прошири формулацијата по однос на корисниците. Може да стои граѓаните и други лица. Под терминот други лица се опфаќа поширок опсек и на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија. Исто така сметам дека не ми се до крај јасни поимите престојувалиште и живеалиште.

Мислам дека овој закон и те како да биде компактибилен со Законот за пријавување престојувалиште и живеалиште, затоа што овие две дефиниции многу често се преплетуваат. Не може странски државјанин да има живеалиште во Република Македонија . Живеалиште еден човек може да има на едно место на една територија. Под тој поим се подразбира приврзаноста на одредена индивидува со одредена територија наречена општество или држава, а престојувалишта или државјанства може да и има и повеќе.

Во членот 3 кај изразите исто така беше спомнато овде по однос на износот на готовина на средства. Не можам да се задржам, затоа што навистина е тешко некој може ова да го провери, а во најмала рака и да го потврди. Сметам дека треба да се прецизира ова одредба.

Понатаму, по однос на тие што даваат бесплатна правна помош, само би го отворил прашањето. Дали тоа треба да бидат само сегмент на Министерството за правда, здруженија на граѓани, адвокати и медијатори, само го отворам како прашање членот 4.

Сметам дека и те како има можност да се прошири, па дури и некој од овие што беше спомнато кај медијаторите, да не се повторувам имаше

претставникод една невладина организација. По однос на претходната правна помош, нема да се задржам кажаа неколку дискутанти дека навистина целиот текст на законот треба да биде вооедначен. Со законот се бара да има вработен правник со положен правосуден испит, и т.н., а од друга страна органот ако остане вака органот кој ќе ја даде претходната правна помош, треба да го запази тој принцип еднаков состав на сите што можат тоа да го даваат.

Понатаму, прашањето што значи тоа егзистенционално прашање, доста беше кажано, мислам дека доста работи беа разјаснети, нема да се задржам, но само би додал, сметам дека фали делот на здравствената заштита, во овој дел на законот, поточно во членот 8 став 2 и би поставил прашање, затоа што последниот дел на реченицата кога такстативно се набројуваат одредени области, има уште една реченица, има и други прашања за кои Министерството ќе оцени дека се од егзистенционална природа  за барателот на правната помош. Мислам дека ова внимателно треба да го читаме и мислам дека  не и е местото, треба целосно да се избрише, ако се мисли на Министерството за правда, затоа што под кои критериуми Министерството за правда ќе оцени дека се работи за такво егзистенционално прашање. Треба да има инструмени врз кои тоа ќе го утврди, или во најмала рака критериуми. А нив според мене, јас не ги гледам. Меѓутоа, ако се мисли на друго Министерство, ако се мисли на Министерството за труд и социјална политика, тогаш можеби Министерството за труд и социјална политика има капацитети и изградени сопствени критериуми, врз основа на кои одлучува дали одреден граѓанин за клучната тема што јас зборувам, просто да кажам.

Во однос на одлуката, овде беше кажано дека органите на судската власт, треба навистина да се видат овие одредби, да бидат што  попрецизни и појасни и функционални во системот, затоа што можат да се појавуваат колизии во членот 11 и контрадикторност во однос на тоа и мешање на областите.  И тоа беше спомнато, да не се задржувам многу.

Во однос на корисниците и покрај тоа што кај целите зборуваме само за граѓани, исклучиво државјани на Република Македонија и тоа само тие што живеат, што имаат пријавено живеалиште во Република Македонија. Секој граѓанин на Република Македонија мора да има живеалиште во Република Македонија. Тој надвор од Република Македонија може само да престојува по било кој основ. Дали за работа, дали за школување и т.н. да не набројувам. Доаѓам до истиот заклучок, што пред малку и го кажав.

Понатаму, исто така беше кажано во делот на корисниците за странските државјани, велиме државјани на земја членка на Европската унија. Сметам дека тоа треба да се замени и да опфаќа не само државјани членки од земјите на Европската унија, туку и другите држави. По однос на имотот исто така беше кажано.

08/1.- ЛЈ

**Иџет Мемети: (Продолжение)**

Тоа морам да го кажам дека ние сме една од ретките држави и во регионот и пошироко што имаме навистина огромен број на невладини организации. Секоја почит кон тој сегмент или сектор во општеството, затоа што е многу важен во општеството, меѓутоа, сепак, кога се работи за една многу важна материја како што е ова, критериумите треба да бидат постегнати за да не ни се случи уште еден бум да има после донесувањето на овој закон за основање на невладини организации.

Кога сум кај овие даватели, идни даватели и сегашни бесплатно, идни даватели на правна помош, сметам дека и те како овој закон треба овој закон да се компарира со Законот за здруженија на граѓани и фондации. Кога спомнав дали само овие, само една реченица ќе кажам за тие што во иднина ќе можат да даваат бесплатна правна помош, мислев дали ќе може и консултанти на пример да има.

Понатаму, за роковите скоро секој од консултантите се осврна, а јас би поставил уште едно прашање. Прашањето би било следното: ако сите ние предлагаме во нашите забелешки кон текстот на законот роковите да се скратат, јас поставувам уште едно прашање. Ако и овие 15 дена се малку или другите 15 или тие седум дена каде што може да се определи итн., ако овие рокови ги скратиме, тогаш прашањето е што ако во тие или овие скратени рокови нема да се носат акти, нема да се донесе, не ќе може да се донесе

управниот акт, немаме одговор на тоа. Треба да се види и ова прашање, што во случај да не може да се донесе управен акт. Правото на жалба најверојатно е испуштено овде, не може една управна постапка и по Устав и по ништо да заврши само со донесување на прв степен и конечен управен акт. Тоа е спротивно на Уставот и не ќе може да помине, секако, сметам дека е испуштено и мора да се најде друг начин како да се оствари уставното право загарантирано на жалба, а управниот спор е сосема друга работа. Низ целиот текст во однос на правото на жалба треба да се види текстот на законот.

Исто така, и низ целиот текст на законот треба да се види, ако го прифатиме тоа за граѓаните на Република Македонија, т.е. државјаните на Република Македонија и други лица, ако го прифатиме, тогаш други лица, зборовите "земјите членки на Европската унија" да се избришат низ целиот текст на законот.

Јас тука и би завршил, затоа што сега текстот ја утврдува потребата која сите ја поздравивме и сметаме дека е одлична работа. Секако дека овој закон треба уште да се стегне и на крајот навистина да добиеме продукт кој ќе им овозможи на тие на кои им е потребен, а и на нашето општество, граѓаните да имаат ист пристап до правдата и да можат на ефикасен и квалитетен начин да ги остваруваат, па и заштитуваат нивните слободи и права. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодариме господине Мемети за ваквите опсежни укажувања. Верувам дека ќе се согласат сите дека не е важно кој ќе биде моделот на давање правна помош и дали тоа ќе биде Министерството или некој друг орган, а најважно од се е да постои систем на бесплатна правна помош за лицата кои имаат потреба.

Укажувањето на член 2 дека треба да се прошири дефиницијата "и другите граѓани" да бидат вклучени, не само граѓаните на Република Македонија туку и оние кои престојуваат на територијата на Република Македонија, овде го вметнавте и претходното укажување за граѓаните не само на Европската унија туку и другите земји кои престојуваат на територијата на Република Македонија, дека треба да се прошири во член 4 опфатот на даватели на бесплатна правна помош и опфатот исто така на медијаторите, бидејќи како што беше кажано овде не би требало да им биде местото, дека мора да има еднаков пристап на даватели на правна помош и за

вработените, еднакви критериуми и за вработените во Минситерството за правда и за другите даватели на правна помош. Здравствената заштита што недостасува во член 8, бришењето на тоа дека Министерството за правда ќе оцени дали тој може да оценува некое прашање од иницијална природа за барателот ако не се јасно наведени криериумите. Понатаму, кажавте дека треба да имаме критериуми за вклученост на здруженијата на граѓани, бидејќи ќе има огромен број на здруженија на граѓани и треба да бидат постегнати критериумите, да има квалитет на бесплатната правна помош која што се дава. За роковите ако се скратат, дали ќе може да се донесат управните акти. Потоа, она што е најверојатно испуштено во Законот, правото на жалба што е сосема нормално спротивно на Уставот. Ви благодариме за вашите укажувања.

Сега, ја повикувам госпоѓа Славка Тодоровска, Национален совет на жени на Република Македонија, повелете.

**Славка Тодоровска:**

Благодарам.

Почитувани присутни, за потребата и важноста на содржината на овој закон доказ и денешната дискусија од сите присутни претставници од различни организации, многу битни и затоа јас како претставничка на Граѓанската организација Национален совет на жените на Република Македонија СОЖМ, од 105 самостојни организации од целата држава, кои членки се иницијаторите за основање на првата СОС линија за жртви на семејното насилство од 1994 година, како и 1997 година на советувалиштето бесплатно за овие жртви, конкретно сакам да предложам и во членот 12 од овој Предлог на закон и основна содржина за расправа по овој закон, во членот 12 во корисници не се споменати и мојот предлог е да се стават жртвите на семејното насилство. Дали ќе бидат само како жртви на семејно насилстсво, сепак работната група нека определи или жени, деца, жртви на семејното насилство. Сметам дека тие можат да се подразберат од други граѓани, како што кажа Народониот правобранител и сите други видови, но кога се споменуваат азиланти и сите други, оваа категорија ние како претставници на овој невладин сектор сметаме дека во членот 12 во корисници би требало да бидат и жените и деца жртви на семејното насилство. Или само жртвите на семејното насилство.

Инаку, сите предлози од претходните дискутанти и од експертите и од институциите и од пратениците и од граѓанските организации ги сметаме за многу важни, затоа ги подржуваме, можеби и оние кои сега ќе следат, а само ова што не беше споменато јас сакам уште еднаш да кажам дека во членот 12 во корисници треба да биде ставено "и жртвите на семејното насилство" за бесплатната помош.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓа Тодоровска за вашето укажување на членот 12, она што треба да се дополни според ваше мислење.

Сега има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

Може, повелете госпоѓа Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:**

Се извинувам на пријавените дискутанти, меѓутоа, сметав дека можам да помогнам со дискусијата во однос на оние дилеми што беа истакнати денес во однос на овој закон кој сметам исто како и господинот правобранител дека многу е значаен за Република Македонија и граѓаните на Република Македонија.

Клучно прашање беше истакнато дали имаме мешање на извршната и на судската власт во врска со постапувањето со предметите, односно по постапките за бесплатна правна помош. Во член 4 е употребена формулација дека бесплатната правна помош се остварува преку Министерството за правда, здруженија, медијатори и адвокати. Мислам дека оваа формулација како формулација е во ред, затоа што сите овие субјекти учествуваат на некој начин согласно дадените овластувања во Законот за остварување на бесплатната правна помош. Меѓутоа, во член 6 јас би го исклучила Министерството за правда како давање на бесплатна правна помош, заради тоа што во претходна правна помош опфаќа и правна помош во составување на писмена пред органите на државната управа. Тука веќе би можеле да зборуваме за судир на овие работи и би апелирала од моја страна Министерството за правда да остане само во улога на прием на апликациите, одлучување по утврдување дали има услови одредено лице да се стекне со статусот на корисник за пружање на правна помош и на тој начин мислам дека проблемот би бил решен. На ист начин би бил решен и проблемот со тоа што граѓаните, односно корисниците би имале право на бесплатна правна помош и

пред меѓународните судови заради тоа што Минситерството за правда би одлучувало само за тоа дали лицето што се обратило за бесплатна правна помош, што ќе му даде својство на корисник, а бесплатната правна помош ќе ја пружаат адвокати заради природата на работата пред меѓународните судови, така што нема да имаме судир на интереси меѓу настапување на адвокатите во име и за сметка на корисниците на бесплатната правна помош пред меѓународните судови и постапувањето на агентот во служба на бранење на интересите на државата Република Македонија.

Инаку, што се однесува до роковите, 15 плус 15, определено е дека тоа се крајни рокови, меѓутоа е напишано во Законот, во работната верзија дека се оценува од случај до случај и истата во постапувањето, значи рокот од 15 дена е краен рок. За имплементација на Законот е многу битно подрачните единици да бидат опремени навистина со лица кои што ќе можат да одговорат на задачата, да оценат која работа е итна, значи прво треба да бидат добри познавачи на сите постапки управни и судски, за да знаат на кој начин да дадат предност во решавањето на апликациите кои што ќе бидат поднесени пред нив. На тој начин мислам дека навистина тоа е само работа на имплементација, а не на законско решение, затоа што законското решение е добро.

Јас се согласувам дека во излагањето на господинот Иџет Мемети треба да се прошири член 2, еднаков пристап на граѓаните не значи само државјаните на Република Македонија, туку и други лица, под услови од овој закон, а со тоа сме кажале се, сме ги опфатиле и овие форми кои би дошле до израз.

Сега зборуваме пред се за обезбедување на ова право на нашите граѓани и затоа повеќе од текстот е посветен на таа материја, со тоа што кога ќе влеземе во Европската унија веќе имаме и подготвен текст за имплементација и на тој дел, меѓутоа, мора да се знае дека сите овие погодности за граѓаните пред се, се пружаат во однос на тоа колкав е капацитетот на државата. Мислам дека многу е добар потегот, прво и пред се на нашите граѓани да им обезбедиме бесплатна правна помош, во случаите може да се разработи на кој начин ќе се утврдат и критериумите што е корисник, на кој начин ќе се утврдува имотот, дали со приходот, затоа што може некој да има многу имот, да не сака ништо од тоа да изгуби, а сепак да користи бесплатна помош од страна на државата. Државата учествува заедно со останатите учесници кои што ја пружаат правната помош во тоа да се

обезбеди таа бесплатна правна помош и од тие причини е утврден и цензус за намалување на тарифата на адвокатите на пример. Меѓутоа, мене не ми е јасно на кој начин ќе се наградуваат здруженијата, од причини што тоа се непрофитни организации и да се размисли за тоа дали би се покривале само трошоците доколку тие ангажираат некое надворешно лице за пружање на таа претходна правна помош, затоа што само адвокатите можат да се јават во постапките пред судовите како полномошници и застапници на странките во тие постапки. Од тие причини, мислам дека реакцијата од страна на адвокатската комора е на место, во наредното постапување по пречистување на текстот на законот секако ќе се најде решение и за тоа.

Во секој случај сметам дека ова е добра работа, за поздравување, за прв пат во независна Македонија се пристапува кон тоа. Имаме време да го проучиме и напоредното право, на кое ни укажува и текстот на младите правници, што ги поздравувам што се организирале на таков начин и мислам дека тоа е една прекрасна работа за ангажирање на младите луѓе во помош за креација на правото во Република Македонија. Ви благодарам многу што ми допуштивте да се обратам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодариме госпоѓа Благородна Дулиќ.

Му давам збор на господинот министер за правда.

**Михајло Маневски:**

Јас морам да заминам заради тоа што најавија итна седница на Судскиот совет, но не можам да заминам а да не изразам една голема благодарност до сите вас што дадовте исклучително значајни сугестии за подобрување на текстот на законот, на работниот текст на законот за бесплатна правна помош. Со прифаќањето на одредувањето на невладините организации за пружањето на правната помош и вид на правни совети направивме еден чекор напред, а сега секако дека ќе ги имаме предвид сите мислења, сите сугестии, јас и на самиот почеток реков колку повеќе мислења, толку подобар закон и се разбира ова е еден начин каде што една поширока расправа е од исклучително големо значење, кога ќе дојде законот и во владина и во собраниска процедура да не се навраќаме на овие прашања за кои сега разговараме. Уште еднаш ви благодарам и на вас и секако дека жал ми е што не можам преостанатите дискутанти да ги слушнам, но ќе ги имам

предвид нивните забелешки што ќе бидат во стенографските белешки. Ви благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодариме господине министре. Ќе се видиме на 22 јули на наредната јавна расправа по Законот за кривична постапка и Кривичниот законик.

Сега има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

09/1.- /ОМ

**Лилјана Поповска:**

Сосема конкретно ќе зборувам за измените. Законот е секако одличен има и усогласување со европското законодавство, ги унарпедува човековите права, во член 2 тоа е јасно кажано и ја унапредува социјалната правда во членовите 8, 12, 13 и други. Конкретно во членот 12 да се изделат од точката 4 до крај, да има нов член затоа што во членот 12 наведени се корисниците на бесплатната правна помош. Додека во првите точки, до точка три се наброени типовите на корисници, од точка 4 има дополнителни објаснувања и принципи според кои се определува бесплатната правна помош. Така што мислам дека сосема добро би дошло да биде во одделен член, така ќе биде многу појасно и пологично.

Исто така предлагам една измена во точка 12. Значи во овие следни точки, поточно во точка 7 што претпоставувам дека би требало да дојде во посебен член, мислам дека е прилично комплицирана постапката. Точката 7 гласи... и се утврдува врз основа на податоците за приходи по сите основи, на тоа лице, како и на членовите на неговото семејство, врз основа на уверение од надлежниот орган, за имотната состојба и изјава за неговата материјална и социјална состојба за период од 6 месеци пред доставување на барањето. Мислам дека тоа е премногу комплицирано и би требало да се направи некоја поедноставна варијанта, бидјеки на ваков начин тие на кои под итно им треба бесплатна правна помош, ќе ги сведеме на чекачи пред центрите за социјална

рбаота. Мислам дека тоа треба да се поедностави. За тоа говореа и повеќе мои говорници.

Друг момент што сакам да го спомнам, мислам дека член 18 не соодвестува на реалноста. Со членот 18 се забранува билокаков облик на реклама за давање на правна помош.

За разлика од почитуваните колеги кои кажаа дека би требало да се определи што е тоа реклама, јас мислам дека не треба да се забрани рекламата. Па како ние ќе ги информираме корисниците дека тоа и тоа здружение дава правна помош. Мислам дека тоа не треба да стои, напротив треба да се обезбеди начин на информирање за давање на правна помош. И конечно јас како и повеќето мои претходници што кажаа, од членот 20 па натаму има предолги рокови кои ќе оневозможат многу луѓе за итно добивање на правна помош. Во секој случај законот е многу солидно концепиран и честитки од моја страна.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓо Поповска на укажувањето што го дадовте, посебно за членот 18, вашето мислење за рекламите дали треба да се забрануваат или не или напротив треба да се обезбеди пристап на информацијата до сите за да можат да знаат граѓаните на кому да му се обратат.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:**

Благодарам.

Важна тема денес претресуваме на оваа јавна расправа која практично тангира голем број на граѓани во Република Македонија кои не можат да си остварат нивно оснвоно право, а тоа е правото на фер судење, заради тоа што во Република Македонија економската ситуација е таква каква што е, се поголем број од луѓето запаѓаат во финансиска криза и не можат да си ги

остваруваат своите права пред судовите и органите на државната управа без еден ваков институт којќе биде уреден со законот.

На почетокот би сакала да изразам големо признание на младите колеги од Македонското здружение на млади правници, за својот труд кој го вложиле и ги поттикнувам во иднина да не отстапат од оваа идеа и понатаму да работат, да помагаат не само на пратениците, не само на Собранието туку воопшто да им помагаат на граѓаните на Република Македонија, со ваква помош да дојдеме до подобри резултати во остварување на правата на граѓаните.

Би сакала на кратко да ги потенцирам клучните мои забелешки што ги имам на оваа  драфт верзија на овој закон.

Би сакала да кажам дека идејата е одлична, јас како човек ја подржувам и треба да се донесе ваков закон во правниот поредок на Република Македонија. Не дека станува збор за нешто ново, правниот систем познава вакво нешто во Република Македонија, во Кривичниот законик, во Законот за парнична постапка каде имаме таканаречено сиромашко право. Тоа е потесен облик на регулирање на ова право и во кривичната постапка, секако за оние кривични дела за кои е предвидена казна со затвор.

Она што сакам да го потенцирам, тоа е дека моите забелешки се фокусирани на три пункта.

Првото е на телото кое ќе одлучува или ќе донесува решение за остварување на ова право, второто е на корисниците, третото е надзорот и четвртото е роковите.

Претходно ќе почнам со коментар на еден член од оснвоните одредби, тоа е членот 6.

Според мене недоволно е разграничено што е претходна правна помош и што е правна помош во постапка. Каде ја гледам оваа забуна.

Ако погледнете во ставот 1, точка 1, алинеја 3, претходна правна помош е и правна помош во составување на писмена , пред органите на државната управа. Мислам дека овде се ограничуваме само пред органите на државната

управа и тоа е добро затоа што пред судовите иницијалниот акт е многу значаен за понатамошното водење на постапката, но и пред органите на државната управа имаме иницијални акти во чија содржина и опсег на барање или поставеноста на  поставеноста на барањето, во иднина ќе зависи и остварувањето на правото. Затоа мора внимателно да се разгледа, тоа го знаат правниците, што ќе подведеме под претходна правна помош, што ќе биде под правна помош во судските постапки.

Уште еден коментар на членот 8.

Многу се зборуваше за егзистенционално прашање и кажавме дека тоа треба да се дефинира. Но, што значи членот 8? Дали овие наведени егзистенционални ситуации кои се наведени во ставот 2 значи дека задолжително,по сила на Закон ќе се остварува ова право на бесплатна правна помош? Дали е ова исклучок од сите оние услови кога се бара претходна правна помош. Да ги потенцирам, значи за статусни прашања, се подведени како егзистенционални права од обласа на социјално, пензиско, инвалидско осигурување. Народниот правобранител кажа исто така, образование, здравство. Сите тие се егзистенционални прашања. Оваа одредба создава забуна. Треба да се доразработи и да се каже што се мисли со оваа одредба да се опфати. Дали таа претставува...

Посебно јас реагирам на телото кое постапува по барањата, во случајов министерот за правда кој ќе постапува по барањата за бесплатна правна помош. Бесплатната правна помош и сега имаме шанса да го регулираме овој институт и сега треба да вградиме секакви механизми кои ќе не заштитат од злоупотреба на тоа право, да не кажам од политизација, од дискреционите овластувања што премногу ги има во овој закон и секако од одредени фаворизирања на одредени групи, професии, категории и т.н.

Според мене,од она што имав можност да го видам, би требало да го земеме примерот на земјите каде тоа е прифатено, по барањата да одлучува независно тело кое ќе постапува по барањата на граѓаните за давање на бесплатна правна помош. Тука навистина мислам дека министерот треба да

биде тргнат, особено во ваква ситација во која се наоѓа Република Македонија (не се слуша).

Понатаму околу членот 14. Верувајте,никако поинаку не можам да го толкувам освен член со кој се дисквалификува остварувањето на правото за бесплатна правна помош. Овој член вели -бесплатна правна помош не може да се одобри до колку барателот има имот од 5 просечни плати. 5 просечни палти е 100 илјади. Доволно е барателот да има само едно дворче пред неговата куќа во село, што ќе биде проценето на 5 ппросечни плати и како ќе го оствари своето рпаво.

Вториот основ, во ред ако имотот не се сметаат предмети кои не се предмет на извршување и вели да не моторно возило чија цена надминува две просечни плати. Што значи тоа да нема ни моторче. Па како ќе обавува одредена дејност. Земете на пример еден човек во село кој мора да има некаков мотокултиватор со кој ќе ги обавува своите земјоделски работи. За тоа член 14 навистина треба да се види и да се утврдат строги критериуми, но критериуми кои нема однапред да го дисквалификуваат правото, туку ќе дадат можност, граѓаните на кои им е потребно вакво право да можат да си го остварат.

Околу роковите. Навистина јас мислам дека вакви рокови во ваков закон не треба да бидат така поставени затоа што имаме постапки каде имаме многу кратки рокови. На пример пократки се роковите во Законот за работни односи, пократки се роковите во стечајните постапки. Во стечајните постапки странки се граѓаните кои имаат побарувања и таму се многу пократки роковите. Постапките кои произлегуваат од меница, од чекови, тоа исто така се побарувања на граѓаните. Мислам дека ваквите рокови ќе оневозможат да се остварува ова право во голем број на области каде што со специјалните закони се уредени пократки рокови, а во член 15 пак е кажано дека бесплатна правна помош ги опфаќа само трошоците на постапката после одобрувањето или после поднесувањето на барањето. Тука ќе оневозможиме луѓето да си ги остваруваат своите права.

Големо дискреционо право на министерот. Дури ако го смениме ова да биде независно тело, во членот 30 е предвидено каде што министерот има право да ги избрише или да не ги... адвокатите, медијаторите, или здруженијата на граѓани, до колку при вршење на редовен надзор на довереniот предмет, се утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа. Значи сам да утврди, без акт, без одлука на орган, во име на граѓаните. Според мене големо дискреционо право е дадено на министерот, да земе еден предмет, на пример и ако не му се бендисува адвокатот, ако не му се бендисува медијаторот или Здружението на граѓани,не дај боже да го  избрише затоа што смаиот  тој утврдил несовесно и непрофесионално работење.

Она што би сакал како прашање да го псотавам, дали со положен правосуден испит треба да има правници во подрачните единици на Министерството за правда. Оставам на тоа да ми се одговори затоа што како што ги следам донесувањата на законите, Законот за домување, Законот за внатрешна фианнсиска контрола, верувајте, илјадници партиски вработувања. Ние од тој аспект ги гледаме работите. Значи по  Закон за внатрешна финансиска контрола 270 и уште повеќе внатрешни ревизори кој ги постави оваа власт. По Законот за домување, илјадници управители кои ќе имаат можност да вработуваат правници и економисти. Сега исто така. Го поставувам прашањето прашањето од познати причини.

И на крајот, моја сугестија е овој Годишен извештај, Министерството, покрај тоа што ќе го доставува до Владата, да го доставува и до Собранието, барем матичното тело да го разгледа овој извештај, со цел пратениците да знаат каква е ситуацијата во Собранието, каква е состојбата во оваа обалст. Значи сметам дека треба да се донесе овој закон. Мислам дека треба да се поддржи. Ваквите расправи треба да продолжат и за другите закони.

Заменик претседател на Советот, сега би побарала колку е можно побрзо вакви јавни расправи да одржиме за Законот за кривична постапка, Законот за јавни службеници и за измените на Изборниот закон кои се исто

така услов за позитивен извештај и секако закони важни за граѓаните и за правниот систем, за демократизацијата на државата. Мислам дека фаќаат годишните одмори,меѓутоа треба да направиме односно вие да направите еден план на време да ги разгледаме за да можеме да дискутираме. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ние како Национален совет имаме утврдено агенда, имаме наше мислење кои закони треба да се гледаат, кои се усогласуваат со законодавството на Европската унија. Веќе наредната недела на 22 јули ќе имаме јавна расправа повторно, за Кривичниот законик и Законот за кривична постапка и јас сум убедена дека ќе дадат соодветен прилог во добивање на еден законски текст кој ќе биде производ на се она што се случуваше во денешната расправа, меѓутоа и претходните расправи што ги имаше организирано Министерството за правда.

Има збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Да бидам искрен, јас при доаѓањето на оваа расправа, не се носев со идеа да земам збор од две причини. Прво што ние имаме прилика во наредните фази од донесување на законот, дали преку седниците на работните тела, или преку седниците на Собранието да го истакнеме нашето мислење. Кое тоа право го немаат останатите членови.

10/1.-ЛП/ЕД

**Кенан Хасипи: (продолжение)**

И, втора причина што можеби премногу сме им досадиле веќе на граѓаните. Меѓутоа, бидејќи откако го прочитав текстот на законот, мислев

дека законот нуди оптимални решенија во оваа сфера, јавната расправа овде покажа дека самиот работен текст на законот има многу недоречености и недоследности на кои што укажаа стручњаците во одредени области и посебно претставниците на невладиниот сектор кој што формирајќи соодветни работни групи го направиле она што го направиле, за да го подобриме текстот на законот. Но, јас ќе се осврнам само на оредени дискусии, пред се на дискусијата на претставникот на Адвокатската комора и на госпоѓата Маргарита Цаца Николова кои што во одредени елементи заговараа некои решенија кои што барем во случајот со Адвокатската комора, имаа елементи на монополистичка позиција на Адвокатска комора во заштитата на ова право на бесплатна правна помош. Имено, повикувајќи се на член 53 од Уставот каде што вели дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, барем во дел од нејзината дискусија прозвучи дека тие се најповиканите да ја вршат оваа работа и дека тоа право им следи со Уставот, иако оваа одредба на Уставот на е ограничувачка и ниту една друга структура не ограничува во вршењето на ова право. Меѓутоа, со право отвори две работи кои треба да се продускутираат.

Прво, во делот на членот 6, во делот на давањето иницијален правен совет за користење на правна помош како и во делот за составување на писмена во судски постапки, се изјасни дека не може тоа да го прави субјект со пренесени овластувања. Навистина се поставува прашање дали да речеме невладиниот сектор, вклучувајќи ги фондациите, а тие се испуштени и има барање и тие да бидат дел од законот, се со пренесени овластувања, се овластени во овие два елемента да го користат тоа право. Не сум правник, меѓутоа, дури имаше и во настапот на Цветанка Иванова нешто во тој дел кажано. Правниците треба тоа прашање да го регулираат, за да немаме некои проблеми во практичната имплементација на законот. Дури, претседателката на Законодавно правната комисија инсистираше во овој дел да биде исклучено Министерството за правда, бидејќи и во настапот на Маргарита Цаца Николова стоеше една формулација дека немаме јасно разграничување меѓу извршната и судската власт и дека имаме преголеми ингеренции на Министерството за правда во остварување на ова елементарно право на граѓаните, во нејзината таканаречена општа расправа по прашањето.

Меѓутоа, во едно сме сите согласни дека формулацијата на член 2 не е доволна, на тоа се осврна господинот Иџет Мемети, бидејќи согласно член 4

од Уставот граѓаните на Република Македонија се и државјани на Република Македонија. Меѓутоа, знаеме сите дека во Република Македонија имаат и апатриди, има и странци, има и азиланти, има и бегалци, има цела категорија на луѓе кои немаат статус на државјанство, ниту можат да се третираат како граѓани на Република Македонија, а престоуваат Република Македонија по било кој основ. Дури, и господинот Иџет Мемети постави формулација тоа да се прошири со "граѓаните и други лица" и во таа категорија "други лица" ќе бидат опфатени сите оние кое по било кој основ престојуваат во Република Македонија, макар што треба ние да размислуваме и за граѓаните на Република Македонија кои имаат потреба од бесплатна правна помош, меѓутоа, од разни причини живеат надвор од територијата на Република Македонија, а имаат статус на државјани на Република Македонија. Тие живеат надвор од Република Македонија, а преку оваа формулација немаме опфат на таа категорија граѓани која не е мала. По основ на печалбарство, по основ на некои други основи, по основ на престојување, студиски престој надвор од државата итн. можеме да имаме категорија на граѓани кои имаат потреба од ваква правна помош, меѓутоа, не се опфатени во оваа формулација на член 2.

Понатаму, многу е битно да се дефинира кои може да бидат корисници и органот кој ќе биде овластен тоа да го процени како тоа ќе го направи. Формулацијата што овде е дадена е многу дискутабилна, се врзува за шест просечни плати, па некој си автомобил во вредност од незнам колку просечни плати, меѓутоа, овде падна една оригинална идеја незнам од кој претставник дека во Словенија тоа елегантно било решено дека тоа прашање било регулирано по основ на примањата на граѓанинот, без да се има предвид подвижниот и неподвижниот имот. Значи, ако приходите на граѓанинот, примањата на граѓанинот се во износ предвиден во рамките потребен, значи тој износ кој што мислам дека некаде беше 50% од просечната плата, без навлегување во неговата имотна состојба, е подоброто решение во овој случај, бидејќи со право може човек со 1000 м2 земјоделско земјиште кое што вреди повеќе од шест просечни плати, меѓутоа на сопственикот не му дава приход потребен за да си го прехрани семејството, да биде повод да не го оствари ова право или да речеме некое возило триесетгодишно кое што нема пазарна вредност предвидена во законот, за да не може да го оствари тоа право, иако генерално земено нашиот Устав, господинот Иџет Мемети веројатно подобро тоа го знае, тоа право максимално им го овозможува на

широк слој на граѓани, независно од нивните примања, бидејќи имаме таква структура. Секој има право во оваа држава дококу нема можности да користи бесплатна правна помош. Тоа значи дека и законот треба да го составиме така за да таа лепеза на корисници на бесплатна правна помош биде поширока, за да ги надвладееме состојбите што се такви какви што се, секако респектирајќи ги можностите на Министерството за правда, бидејќи средствата за остварување на бесплатна правна помош ќе бидат регулирани од буџетот на Министерството за правда а знаеме колкав е тој буџет и колкави се тие можности. Од тука и она прашање дека тој износ ќе се редуцира за 30%, веројатно не од причина што некој сака да биде шкрт, туку што некој проценил дека согласно бројот на предметите што ги имаме и согласно буџетот кој што го има Министерството за правда мора да се направи извесна редукција во тој дел, за да може да се прошири опфатот на корисниците на бесплатна правна помош.

Се отвори прашањето за воспоставување механизам за застапување на граѓаните пред Европскиот суд за човекови права и меѓународните судови. Таму ќе имаме агент, меѓутоа, агентот ќе го штити интересот на државата, агентот нема да го штити интересот на оштетенот граѓанин. Тоа е голем проблем кој што бара посебна анализа и посебна одредба во законот, од едноставна причина што трошоците за заштита на правата пред меѓународниот суд се далеку поголеми од она што е потребно за нашиот правосуден систем. Барем јас не гледам одредба која што ова прашање по прецизно го регулира.

Мислам дека овие укажувања што ги имавме од страна на соодветните стручњаци вклучително и она што Народниот правобранител го кажа, невладиниот сектор го кажа, користејќи ги овие укажувања министерот за правда да подготви еден предлог на закон кој откако ќе помине во владината процедура ќе дојде во парламентарна дебата и тогаш веројатно ќе имаме далеку попрецизен и поконцизен текст по кој ќе можеме да расправаме и да донесеме еден закон кој што ќе биде пред се во полза на корисниците на бесплатна правна помош. Јас се извинувам што малку одолжив, меѓутоа најдов за сходно да укажам на овие решенија кои што сигурно ќе најдат место во наредната верзија на законот.

**Силвана Бонева:**

Благодарам колега Хасипи за ваквите укажувања, посебно за укажувањето дека треба да се воспостави механизам за заштита на правата на граѓаните пред Меѓународниот суд за човекови права, и заради трошоците, меѓутоа и заради одредбите кои што ги нема во овој закон конкретно за да може да биде регулирано и тоа право.

Сека последен дискутант е господинот Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:**

Благодарам почитувана заменик претседателе.

Затоа што сум последен, ќе се обидам да бидам и пократок ќе гледам да го кажам она што претходните дискутанти не го кажаа.

Најнапред поздрав за оживувањето на овој институт во политичката и правна пракса на Република Македонија, поздрав до иницијаторите, поздрав и подршка до предлагачот на оваа законска материја.

Ќе го анализирам нацрт законот за бесплатна правна помош од три аспекти, а тоа се мои првични сознанија кои што ме заинтрегираа гледајќи го овој материјал. Тоа се искуствата на земји кои што веќе имааат воведено бесплатна правна помош. Главните насоки или сугестии, совети кои што ни ги даваат пред имплементирањето на овој институт е дека максимално треба да ја поедноставиме процедурата, или во наводници да ја избирократизираме што помалку, максимално да ги поедноставиме апликациите на барателите и под три, оваа правна помош максимално да ја доближиме до крајните корисници или до корисниците на бесплатна правна помош.

Овие три укажувања се содржани во членовите 19 и 20 од Нацрт предлогот на законот за правна помош. Од кои аспекти сакам да укажам на ова. Бесплатната правна помош ќе се аплицира до надлежните подрачни оделенија на Министерството за правда. Жал ми е што колешката од Социјал демократскиот сојуз не е овде, претпоставувам дека баш заради тоа што е од

социјален аспект дека таа ќе го повлече ова прашање. Значи достапноста на подрачните оделенија на Министерството за правда треба да се приближат до граѓаните. Не во секое место постои подрачна канцеларија на Министерството за правда, но постојат месни канцеларии кои исто така можат да се активираат, а овластените претставници од Министерството за правда да добијат на мобилност и непсоредна комуникација со граѓаните. Значи овластениот претставник да стигне попрво до корисникот отколку корисникот на овластениот претставник, баш заради тоа што категоријата на граѓани која ја третираме со овој закон не секогаш може да обезбеди средства за патување во центрите каде што има подрачно одделение за правда дека не скогаш може да користи начин за комуникација што луѓето без егзистенционални пробелми, можат да си го приуштат тоа. Ова го кажувам и од причини што се менуваат работите. Се среќававме со заменик претседателот на Националниот совет, неодамна бевме во подрачја кои беа погодени од земјотреси. Наидовме на места каде што нема пошта, но постои интернет. Јас конечно бев запрепастен, и во најпасивните краишта, луѓето на некој начин преку интернет ги следат состојбите на план на сеизмологија или на потреси. Тука во овој Предлог закон таквиот начин на аплицирање не е никаде спомнат. Времињата гледаме дека се модернизираат, начините за пристапност стануваат малку поинакви.

Она што исто така ми е симптоматично во членот 19 и 20 е дека никаде не е спомната, а сеуште кревката материја од Законот за заштита на личните податоци.

Некои спомнаа прилично површно дека оваа категорија на граѓани и не туку така можеме да ја фрлиме на мегдан без елементарна заштита од Законот за лични податоци кои што треба да се имплементира во одредбите барем во членот 19 и 20. Заради тоа што вака како што е сега овдека нафрлено излегува дека овие луѓе заради ова што им се случува во животот треба со се свое да нафрлат и тие податоци кои што треба да бидат заштитени дека можатда бидат третирани на било кој начин.

Сметам дека во делот 19 и 20 треба да се повикаме и на Законот за заштита на лични подтоци баш заради тоа што овој закон, материјата што ја третира е сеуште кревка и многу чувствителни и сметам дека треба да го има во овој дел.

Толку околу пристапноста или достапноста, навистина ми е жал што министерот за правда не е тука, но и на комисиските расправи и на пленарната седница ќе инсистирам просто овластени претставници од Министерството за правда да си земат обврска за мобилност, или за приближување на корисниците на бесплатната правна помош. Нема место каде што нема месна канцеларија, нема места каде што не можат да дојда до корисниците наместо да ги чекаат во своите канцеларии. Баш заради социјалниот аспект на оваа категорија на граѓани.

Не сакам да се звучи кампањски сите сме овде барем ние пратениците и претставици одредени политички партии. Поголем дел од пратениците имаме отворено и пратенички канцеларии во местата од каде што доаѓаме и сметам дека е еден бенефит на овој пратенички состав, кој што треба максимално да го искористиме.

Еден поголем дел од странките, граѓаните кои што ги примаме не формално или формално од немајкаде бараат од нас одредена правна помош. Членот 40 дефинира, воведува фактички денови на бесплатен правен совет и сакам да ја поздравам оваа намера на предлагачот на оваа законска материја, сметам дека е неопходно, не заради кампањски цели туку заради баш есенцијални потреби на луѓето кои што и за наједноставна правна материја, и за наједноставна правна помош најчесто се обраќаат на нас пратениците, не знаејќи на кого да се обратат. Значи овој дел од членот 40 од ставовите 1 и 2 навистина сметам дека се за поздравување, Минсиерството планира со ова да донесе редовен тромесечен план за редослед и време на одржување на деновите на бесплатен правен совет, кој јавно би се објавувал во дневниот печат и би било во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора и Комората на извршители и Комората на медијатори.

Ова е неопходна работа баш заради тоа што и ние сме сведоци во работата на нашите пратенички канцеларии, колку правнот совет или сега веќе институтот бесплатна правна помош. Со елементарни правни насоки на граѓаните, навистина неопходна работа.

Еве јас толку, уште еднаш би ја поздравил денешната јавна расправа, беше многу инспиративна во делот кој што го следев, и сметам дека овие

насоки и укажувања кои што денеска ги укажавте во понатамошната собраниска расправа, навистина ќе ги операционализираме и навистина ќе ги уважиме.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господин Шутаров, за конструктивните забелешки посебно во делот на потребата од поедноставување на процедурите, мобилноста на овластените претставници на подрачните единици, тоа е исклучително важно токму за оваа категорија на граѓани кои што немаат средства да патуваат до центрите каде што има подрачни единици на Министерството за правда и за ваквото укажување а елементарна заштита на личните податоци кои што треба да се поврзат со членот 19 и 20. Тоа беше и последната дискусија и последното укажување на овој работен текст на Законот за бесплатна правна помош им благодарам на сите колеги, им благодарам на сите присутни од невладините организации, народниот правобранител, експертите кои што зедоа учество, ја збогатија оваа наша расправа и верувам дека во Предлог законот кој што ќе влезе во собраниска процедура голем дел од забелешките кои што денес беа искажани ќе станат составен дел на законот. Ви благодарам.

(Јавната расправа заврши во 14,40 часот)